Секое утро **Утрински брифинг** на www.**slobodenpecat.mk** / www.**slobodna.tv**

# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918
9 771857 891004

**Ордaноски**

Никогаш не е прерано да се мисли за подоцна



**Арсовска**

Корона-економија: Адаптирај се да преживееш!



макс. дозволено 50 µg/m3

Струмица
133
µg/m3
PM 10

mojvozduh.eu

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 5 | 14 |
| Охрид | 4 | 11 |
| Битола | 3 | 10 |
| Маврово | 0 | 7 |

**ПОНЕДЕЛНИК 6 АПРИЛ 2020** | Број 1928 | Година VIII | **WWW. SLOBODENPECAT.MK** **15 денари**

## ВМРО-ДПМНЕ удира по џебот на „приватните“ пензионери

# Партиите во битка за вториот пензиски столб

**Незаконски** Парите во задолжителните пензиски фондови се евидентирани на индивидуални сметки во пензиските фондови и претставуваат личен имот на членот, велат од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување.




## Нови 72 случаи, еден починат, 15 со тешка слика

● Во изминативе 24 часа регистрирани се 72 нови случаи на коронавирус, најмногу Куманово 21 и во Скопје – 14. Вкупната бројка достигна 555 лица. Од Клиниката за инфективни болести заминаа тројца пациенти. На клиниката неколку часа по приемот во болница, почина маж од Лабуништа на 63 годишна возраст донесен на клиниката со тешка клиничка слика. На Инфективната клиника се хоспитализирани 74 пациенти, 15 со тешка клиничка слика, 11 на механичка вентилација.



**Нема единство меѓу власта и опозицијата**
Почнаа кавгите кој да ги води преговорите со ЕУ
страница 2

**Пропуст во мерките**
Пациентите со ретки болести без заштита од коронавирусот
страница 4

**Бизнис**
На определено време ќе може да се работи најмногу до 5 години
страница 5

**Австралија**
Лек против вошки можеби е спасот од коронавирусот
страница 17

# Хроника

Фразата дека ние сме дел од светот овојпат е потполно точна и во географска и во суштинска смисла, а, нашата единствена шанса да ја пребродиме кризата е само во сојуз со останатите, особено со земјите членки на НАТО и со Европската Унија.

*Стево Пендаровски, претседател на Македонија*

**Процес** Нема единство меѓу власта и опозицијата за евроинтеграциите

# Почнаа кавгите кој да ги води преговорите со Европската Унија

**Кадри** Опозициската ВМРО-ДПМНЕ побара преговорите да ги води главен преговарач, кој ќе биде натпартиска личност. Од СДСМ објаснуваат дека веќе има преговарачки тим и групи што го поминале бриселскиот скрининг.



**Весна Тодоровска**

Почетокот на преговорите со ЕУ, и покрај пандемијата со коронавирусот, не се некоја далечна иднина, откако земјава веќе доби зелено светло тие да бидат отворени „што е можно поскоро“, како што се изразија евродипломатите. Но, власта и опозицијата во Македонија и натаму немаат заеднички консензуален став во врска со тоа како ќе се реализира стратешката определба на земјава – зачленувањето во Европската Унија.

Опозициската ВМРО-ДПМНЕ побара преговорите да ги води главен преговарач, кој ќе биде натпартиска личност. Вицепремиерот за европски прашања Бујар Османи, од редовите на ДУИ, кој е и главен преговарач во евроинтегративниот процес, неодамна изјави дека би било добро да се најде заеднички јазик со опозицијата за надминување на разликите. Тој уште додаде дека „доколку е потребно, да се назначи и преговарач што ќе биде непартиска личност“. Од СДСМ објаснуваат дека веќе има преговарачки тим и групи што го поминале бриселскиот скрининг.

Според меѓународниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, Тимчо Муцунски, битно е по завршувањето на парламентарните избори да имаме политичка влада, која нема само декларативно да се занимава со реформскиот процес, туку ќе создаде состојба со опипливи реформи што ќе се чувствуваат во сите релевантни области.

- Ние како политичка партија први го отворивме концептот за натполитички главен преговарач. Доколку успееме да најдеме личност која ќе има сериозен авторитет и знаење од соодветната област, ќе може да се обезбеди најпотребното во процесот на преговори кога ќе почнат – континуирана експертиза. Убеден сум дека во академската, но и во невладината средина постојат такви личности. Во овој момент ми се чини дека коалицијата СДСМ-ДУИ како да нема капацитет да прифати една таква иницијатива. И повторно се навраќаме на дилемата – дали заложбите на власта се само декларативни или, пак, се со искрени намери за создавање промени - вели Муцунски за „Слободен печат“.

Секретарот за меѓународна соработка на СДСМ и национален координатор за евроинтеграции во Владата, Бојан Маричиќ, не гледа проблем во сегашната поставеност, зашто со ДУИ веќе имале усогласен став за концептот на преговарачките тимови и тој би можел да се смени единствено доколку има потреба.

- Можеме да разговараме за начините како би била вклучена опозицијата, но поважно од барањето на натпартиска личност е да се усогласиме дека од преговорите нема да правиме политичка борба за собирање политички поени. Во минатото се покажа дека не е лесно да се најде натпартиска личност прифатлива за сите. Сега најважно е да имаме стручни тимови со знаење и политичка сила за спроведување на одлуките што ќе произлезат од преговорите. Заедничката европска агенда е многу поважна отколку да се држиме за личности. Дали ќе бидам јас или некој друг во наредните години, важно е да имаме согласност дека европската агенда е приоритет од кој нема враќање - вели Маричиќ.

**Можеме да разговараме за начини како би била вклучена опозицијата, но поважно од барањето на натпартиска личност е да се усогласиме дека од преговорите нема да правиме политичка борба за собирање политички поени. Во минатото се покажа дека не е лесно да се најде натпартиска личност прифатлива за сите.**



Бојан Маричиќ, национален координатор за евроинтеграции

**Процесот на пристапување на Македонија кон ЕУ е активност околу која треба да има не само партиски, туку и општествен консензус и кохезија. Сите чинители во општеството треба да застанат заедно зад приказната за европеизација. Сите капацитети треба да се вклучат во процесот.**



Иван Стефановски, Евротинк

Според него, во ВМРО-ДПМНЕ во изминатите три години покажале дека почесто се грижат за партиската агенда отколку за европската. Тој посочува дека опозицијата поддржала важни закони за европската интеграција, но дека блокирале и одредени процеси важни за европската иднина на Македонија.

И додека власта и опозицијата не можат да се усогласат околу преговарачката структура со ЕУ, од невладината Евротинк апелираат на единство за европската агенда, не само на партиите туку и на сите фактори во државата.

- Процесот на пристапување на Македонија кон ЕУ е активност околу која треба да има не само партиски, туку и општествен консензус и кохезија. Сите чинители во општеството треба да застанат заедно зад приказната за европеизација. Сите капацитети треба да се вклучат во процесот. Еве, и да се согласиме дека има некаква преговарачка структура, односно тимови, тие сега нема да можат да останат исти. Треба да се адаптираат на новите кластери што ги содржи новата методологија. Треба да се пополнат со академици, експерти, дел од невладините - вели Иван Стефановски од Евротинк.

Техничкиот преговарач со ЕУ, Маричиќ, посочува дека постојните тимови што имаат правна рамка за секое поглавје се составени од стручни лица од институциите, бидејќи преговарачкиот процес го води Владата. Се очекуваат промени во составот на тимовите, но не големи.

- Концептот на тимовите е флексибилен и овозможува учество и на други заинтересирани страни од општество, експерти, академици, луѓе од стопанските комори. Тие веќе го поминаа техничкиот скрининг во Брисел за сите 33 поглавја. Ќе останат, бидејќи остануваат и поглавјата, но ќе треба да се организираат и по кластери. Тоа ќе го правиме во консултација со Европската комисија за да одговараат на новата методологија. Очекуваме да бидат организирани како што ќе биде организиран и преговарачкиот процес - објаснува Маричиќ.

Муцунски тврди дека власта не им понудила учество во преговарачките тимови.

- Во овој момент како на политичка партија не ни е понудено директно учество во овие работни групи. Истовремено, според информациите што ги имам, сè уште не е соодветно ажурирана и контактирана листата експерти кои се пријавени врз основа на јавниот повик од пред година и пол. Недостига кадар што ќе се занимава со стручната јазична рецензија, која исто така е многу значајна во овој процес и тука имаме сериозен застој во законодавството - вели Муцунски.

Од невладината Евротинк, пак, посочуваат дека власта мора да направи дистинкција меѓу оние што ќе го набљудуваат процесот и оние што ќе имаат столче на масата.

- Би било недозволиво да има невладини организации што ќе сакаат и да учествуваат во преговорите и да ги набљудуваат - вели Стефановски од Евротинк за „Слободен печат“.

**СДСМ против предлогот на ВМРО-ДПМНЕ да им се брцне во џебот на „приватните“ пензионери.**

# Битка за вториот пензиски столб

**Поддршка** Оваа поддршка му е неопходна на државниот пензиски фонд со оглед на тоа што речиси 100 отсто од пензиите на тековните пензионери се исплаќаат од овој фонд и дури и во нормални околности – вели Трајко Славевски од ВМРО-ДПМНЕ.

Претставници на ВМРО-ДПМНЕ побараа за време на кризата да се користат парите од приватните пензиски фондови, од таканаречениот „втор пензиски столб“ да се употребат за исплата на редовните пензии додека трае кризата предизвикана од мерките за сузбивање на епидемијата со вирусот ковид-19.

Овој предлог, кој го аргументираа лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицковски, како и поранешниот министер за финансии Трајко Славевски, беше дочекан со неодобрување од премиерот Оливер Спасовски, како и од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, со напомена дека парите од вториот пензиски столб се лични пари на осигурениците.

- Уште еднаш повикуваме сериозно да се разгледа нашиот предлог. Оваа поддршка му е неопходна на државниот пензиски фонд со оглед на тоа што речиси 100 отсто од пензиите на тековните пензионери се исплаќаат од овој фонд и дури и во нормални околности недостигот на средства државата го надополнува со трансфери од државниот буџет. Значи, не станува збор за некакво зафаќање на средства на осигурениците кои се акумулирани на нивните сметки кај приватните пензиски друштва, коешто видовме го направи Владата на СДСМ изминатата година, како што сега сака да манипулира од страна на власта и медиумите под нивна закрила. Дури може да се размислува во иднина, кога ќе се стабилизираат состојбите, осигурениците да се компензираат за висината на овие средства кои времено ќе се пренасочат кон ФПИОМ за непречена и навремена исплата на пензиите - истакнува Славевски.

Тој вели дека ваквата практика не е невообичаена кај земјите што имаат задолжителен втор пензиски столб, како кај нас.

- По глобалната финансиска и економска криза од годините 2007 до 2009, низа земји од Централна и Источна Европа, како што се балтичките земји, Словачка, Полска, Унгарија и други, интервенираа со пренасочување на уплатите на придонеси од приватните кон државниот пензиски фонд. Може да се очекува дека така ќе постапат и сега, под налетот на тековнава криза. Најави веќе постојат, а најмалку една од нив, Естонија, веќе има предлог-закон во оваа насока – вели Славевски.

**Владата не може да посегне по вториот пензиски столб. Вториот пензиски столб се пари на секој осигуреник лично. Тоа е исто како сега да кажете сите што имаат штедни влогови во банките, државата да донесе одлука и да им ги земе штедните влогови на сите штедачи.**

Оливер Спасовски, премиер




Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС се спротивстави на овој предлог на ВМРО-ДПМНЕ со потсетување дека парите во задолжителните пензиски фондови се личен имот на членовите

- Средствата на задолжителните пензиски фондови се во сопственост на членовите на пензиските фондови. Тие се евидентирани на индивидуални сметки во пензиските фондови и претставуваат личен имот на членот. Секоја интервенција врз средствата на членовите е исто како интервенција во штедна сметка во банка, удели во инвестициски фонд и слично. Секоја интервенција на уплатата на придонесите на индивидуалните сметки го загрозува износот на пензијата на идните пензионери, реагираат од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС.

Притоа Агенцијата информира дека во моментов во задолжителните пензиски фондови членуваат околу 515.000 членови.

Премиерот Оливер Спасовски изјави дека Владата не може да посегне по вториот столб, како што предложи лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски. Во објава на Фејсбук, Спасовски вели дека станува збор за лични финансиски средства на секој осигуреник.

„Владата не може да посегне по вториот пензиски столб. Вториот пензиски столб се пари на секој осигуреник лично. Јас не можам да разберам како може лидер на опозиција или опозицијата да посегне по лични финансиски средства. Тоа е исто како сега да кажете сите што имаат штедни влогови во банките, државата може да донесе одлука и да рече да им ги земаме штедните влогови“, вели Спасовски.

**СДСМ.**

## Христијан Мицкоски шири лаги и работи против здравјето на граѓаните

Во најголемата здравствена криза Христијан Мицкоски продолжува да шири политикантство и дезинформации, да работи против интересите на државата и здравјето на граѓаните, соопшти СДСМ.

„Мицкоски лажеше дека нема доволно тестови за коронавирусот, а таа безобразна невистина на Мицкоски е демантирана и од надлежното Министерство за здравство. Во државата има доволен број на тестови, над 4.500 тестови има само во Институтот за јавно здравје и дополнителни количини во приватни клиники.




Мицкоски јавно се пофали дека лично тој успеал да обезбеди помош од Словенија за справување со коронавирусот а подоцна повторно беше демантиран и тоа од страна на Министерството за одбрана на Словенија кое објави дека помошта за нашата земја е обезбедена преку механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Не е точно ниту дека ќе се намалат пензиите како што јавно лаже Мицкоски.

Нема крај неодговорното однесување на Мицкоски а последен доказ за тоа е снимката објавена на неколку медиумите каде што се гледа Мицкоски како излегува од спортска вежбална иако тие веќе не работат дваесетина дена. Мицкоски треба да одговори дали посетувал фитнес центри во време кога тие мора да бидат затворени како дел од мерките од превенција од коронавирусот?

Заштита на здравјето на граѓаните и ублажување на ударот врз економијата се наши приоритети во овие тешки времиња, кога се соочуваме со пандемијата со коронавирусот. Заштитуваме 250.000 работни места, помагаме на над 35.000 компании. Владата го усвои вториот голем економски пакет, вреден 200 милиони евра, што овозможува директна помош за сите кои се погодени од кризата – за работниците, за стопанството, за малите и средни претпријатија, за дуќаните, занаетчиите, за спортистите и уметниците и за сите граѓани кои се дел од неформалната економија. Ги кратиме сите непродуктивни трошоци, а во духот на солидарноста сите функционери на државно и на локално ниво во наредните два месеца ќе примаат минимална нето плата од 14.500 денари, се вели во соопштението од Центар за комуникации со јавноста на СДСМ.

**ВМРО-ДПМНЕ**

## Здравството не може да одговори на потребите на граѓаните

Системот се распаѓа, а граѓаните го плаќаат неспособното владеење на СДСМ со сопствените животи. Здравството веќе не може да одговори на потребите на граѓаните, а СДСМ се фали како Заев си танцува со пандемијата, се вели во реакцијата на опозициската ВМРО-ДПМНЕ.

„Лошото менаџирање со кризата, со секој изминат ден зема се повеќе жртви. Сите сме загрозени. Сите сме во опасност, а танчерите Заев, Спасовски и Филипче, живеат во паралелна реалност и се фалат како блескаво танцуваат.

Неспособноста на владата предводена од СДСМ да се справи со корона вирусот од ден на ден резултира со се повеќе заболени и починати лица.

Сега е време да се заштитат медицинските работници за што предлагаме: Веднаш да се обезбеди соодветна опрема преку централна набавка со цел да се има увид дали има доволно опрема за медицинските лица; да се стартува со тестирање на поголем број на лица, а пред се на здравствените работници; потребно е да се побара помош од сите држави и меѓународни институции кои можат тоа да го направат; не е време за себепромоција; не е време за популизам; нема време за чекање; време е за мерки кои треба да се спроведат веднаш! Не доцнете повеќе, ако треба помош ВМРО-ДПМНЕ е тука“, соопшти Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ.

**Здравство.**

## Филипче: Располагаме со 4.500 тестови

• Во моментов располагаме со 4.500 тестови, а резервите секојдневно се надополнуваат. Ја очекуваме донацијата и од 20.000 китови за тестирање, кои се доволни за потребите според вкупниот број на население во земјава, објави министерот за здравство Венко Филипче.

Тој посочува дека анализите покажуваат дека со 2.362 теста сме втора земја во регионот, после Хрватска со 2.395 тестови, според бројот на спроведени тестови за коронавирус на милион жители.

– Имаме доволно тестови за да ги задоволиме потребите на нашата земја. Ова е одличен резултат, не само за бројката на тестови, туку и за целокупниот пристап кон идентификување на пациентите, нивните резултати и кластерите на заболени - вели Филипче.

Државниот карантин, по поминати 14 дена, го напуштија 160 македонски граѓани, кој со хуманитарен лет беа вратени во земјава. Во државен карантин се наоѓаат 2.099 лица, а денеска треба да се реализира лет од Лондон до Скопје.

Граѓаните при влез во авионот ќе потпишат договор меѓу нив и Владата во кој гарантираат дека ќе ја исплатат сумата определена за авионскиот билет на сметка на Владата и ќе пополнат изјава дека се согласни по пристигнување на територија на нашата земја да бидат сместени во објектите за државен карантин во траење од 14 дена, соопшти македонската амбасада во Лондон.

## Во Поликлиниката Чаир и во Здравствен дом има лекари позитивни на коронатестот

• Вработена во Поликлиниката Чаир е заболена од коронавирус и веднаш е ставена во изолација, по што е извршена дезинфекција на објектот, а во Здравствен дом Скопје заразени се вкупно четворица вработени.

- Во Здравствен дом Скопје дијагностицирани се позитивни тестови на четири лица и тоа телефонистка од Поликлиниката Чаир, медицинска сестра од Поликлиниката Ченто, возач на Итната медицинска помош, како и медицинска сестра од Домашната посета. За сите овие лица е одреден домашна изолација и земена е епидемиолошка анкета. Дезинфекција е извршена и во останатите поликлиники, како и во Итната медицинска помош, а одлучено е вработените во Домашна посета покрај останатата заштитна опрема да носат и скафандери – изјави директорот на Здравствен дом Скопје, Виктор Исјановски.

**Пропуст** Мерките на Владата заборавија една категорија

# Пациентите со ретки болести без заштита од коронавирусот

**Опасно** Станува збор за околу 500 пациенти заведени во регистарот со повеќе од 80 различни дијагнози. Некои од нив се и без терапија што ја купувале од странство, но сега поради затворените граници, тоа не е можно.

**Листа** Има пациенти на биолошка терапија, на кортико терапија, имунокомпромитирани случаи, пациенти без слезина, пациенти кај кои болеста прави компликации на белите дробови, на дишните патишта, срцеви компликации, бубрежни компликации, мускулни проблеми, пациенти со пресадени органи...



**Мими Шушлеска Петкова**

Пациентите со ретки болести реагираат дека не се опфатени со мерките за заштита од вирусот ковид-19 што ги донесе Владата. Тие веќе испратиле реакција до Министерството за здравство, но одговор не добиле. Министерот Венко Филипче вели дека барањата ќе бидат разгледани, но сите пациенти во оваа група не треба да бидат посебно третирани, бидејќи тие нормално функционираат и покрај дијагнозата.

Станува збор за околу 500 пациенти заведени во регистарот со над 80 различни дијагнози.

„Ретките болести не се ставени на листата на ослободени од работа, иако има пациенти на биолошка терапија, на кортико терапија, имунокомпромитирани случаи, пациенти без слезина, пациенти кај кои болеста прави компликации на белите дробови, на дишните патишта, срцеви компликации, бубрежни компликации, мускулни проблеми, имаме пациенти што имаат трансплантирани органи. Сите тие се луѓе на кои им треба поголема заштита, а во шифрите на дијагнозите што се ретки не се на листата на Министерството за здравство и не можат да добијат потврда за ослободување од работа, иако им е потребна на дел од нив. Затоа побаравме Комисијата за ретки болести да ги разгледа дијагнозите и да одлучи кои од нив треба да се стават на листата на ослободени“, се вели во реакцијата од Здружението за ретки болести „Живот со предизвици“.

Многу пациенти со ретки болести имаат трансплантирани

**Ретките болести не се ставени на листа на ослободени од работа, а на сите тие луѓе им треба поголема заштита. Во шифрите на дијагнозите кои се ретки, не се на листата на Министерството за здравство и не можат да добијат потврда за ослободување од работа.**

бубрези, очи, коскена срцевина, црн дроб, срце, бели дробови и други органи.

„Сите пациенти со трансплантирани органи треба да се ослободени, а не само одредени пациенти со одредени органи. Откажувањето и одбивањето на орган е опасно и не смее да се става пациентот во ризик“, велат од здружението.

Има и пациенти за кои се купувало терапија од странство, а сега нема како да ја набават.

„Знаеме за дел од нив, но сигурно има повеќе. За дел се добиени лекови како донација, но тоа не е решение. Благодарни сме на фармацевтските компании и дистрибутери кои донираат лекови за да ја подобрат ситуацијата на пациентите и семејствата и бараме Министерството за здравство да си ја преземе обврската за долгорајно решение“, реагираат од здружението.

Тие доставуваат и листа на лекови кои сега пациентите не ги добиваат, бидејќи ги набавувале од странство, но поради затворање на границите, сега тоа не е возможно.

Пациентите бараат и родителите на децата што се високоризична група, да бидат ослободени од работа, бидејќи така го изложуваат на ризик детето, а бараат и да се обезбеди финансиска помош за тие што остануваат без работа поради кризата или не земаат плата.

„Бараме за пациентите со ретки болести да се воспостави посебна процедура во случај да заболат од ковид-19 поради комплексноста на болеста со која живеат и мултидисциплинарен тим кој е потребен за следење на пациентите. Да се дозволи домашна инфузија за пациенти со ретки болести таму каде што е можно или да се дистрибуира терапијата во градовите во кои живеат во соодветна здравствена установа за да не патуваат на недела-две до Скопје“, се вели во реакцијата од здружението.



## Некои од нив можат нормално да функционираат

• Министерот за здравство Венко Филипче вели дека барањата на Здружението ќе бидат разгледани, но дека некои од тие пациенти можат нормално да функционираат.

– Не значи дека сите пациенти со ретки болести треба да бидат ослободени, ќе ги разгледаме барањата на Комисијата за заразни болести – вели Филипче.

Во однос на пациентите што се оставени без терапија бидејќи не може да ја купат поради затворените граници, министерот ги упатува да се консултираат со матичните лекари или со специјалистите и да се побара друг соодветен лек.

Во однос на пациентите кои се оставени без терапија бидејќи не може да ја купат поради затворените граници, министерот ги упатува да се консултираат со матичните лекари или специјалситите и да се побара друг соодветен лек.

**Курсна листа** 5.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 68.955 | 71.300 |
| USD | 1 | 55.723 | 58.510 | CAD | 1 | 39.285 | 41.250 |
| CHF | 1 | 56.990 | 59.840 | AUD | 1 | 33.381 | 35.050 |



**Работни односи** Короната ги исфрли законските слабости



↑ Фотографија **Profimedia**

**И работниците на определено време ако останат без работа, може да добиваат надомест преку Агенцијата за вработување.**

# За работа на определено време до 5 години за отказите нема жалба

**Синдикат** Сојузот на синдикати на Македонија бара во новиот закон за работни односи на определено работно време, еден работник да може да се ангажира најмногу до една година.

**Весна Дамчевска**

Еден работник може да се држи на определено работно време со договори што ќе се продолжуваат дури до 5 години.

Ова е долг рок што на многу работодавачи им овозможува да манипулираат со работниците, посочуваат од Сојузот на синдикати на Македонија. Тие бараат во новиот Закон за работни односи, на определено работно време еден работник да може да се ангажира најмногу до една година.

- Една година е период и повеќе од доволен за да еден работодавач утврди дали ангажираниот работник е соодветен за извршување на работните задачи што тој ги бара. Како што е познато, се водат преговори за нов закон за работни односи, а притисокот на работодавачите е во него да се овозможи работа на определено време до 3 години. Ние сметаме дека тоа не е исправно – вели претседателот на Сојузот на синдикати, Дарко Димовски.

Неправедноста во однос на вработените на определено време се гледа токму во овие тешки моменти, кога покрај здравствена криза, паралелно се случува и една економска криза. Додека оние со договори на неопределено време се заштитени со Законот за работни односи од самоволни откази од страна на работодавачите, оние што се вработени на определено работно време, по истекот на времето во договорот, им престанува работниот однос.

Добрата страна е што и работата на определено време значи социјално осигурување, односно и за нив се плаќа придонесот во случај на невработеност, така што и тие имаат право на надоместок од Агенцијата за вработување согласно со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Според Законот, најмало времетраење на надоместокот од 1 месец се добива за 9 месеци непрекината работа, или за 12 месеци работа со прекин, во последните 18 месеци. Потоа, согласно со стажот се зголемува и времетраењето на надоместокот, а најдолг период за примање пари од Агенцијата за вработување е 12 месеци и овој период е за стаж поголем од 25 години. Но, доколку некој е пред пензија 18 месеци, а има стаж од најмалку 15 години, надоместок ќе добива 18 месеци, односно до пензионирањето.

За сите исплати до времетраење од 12 месеци, месечниот надоместок што ќе го добие работникот што останал без работа е 50 отсто од просекот на нивната плата што ја добивале во последните 24 месеци, а за исплатите по 12 месеци надоместокот е 40 отсто, но овие надоместоци не може да бидат повисоки од 80 отсто од просечната плата во државата.

## Постојано вработените не може да се отпуштат поради виша сила

• Претседателот на Организацијата на работодавачи Ангел Димитров вели дека е неоправдан стравот на вработените дека во сегашниве услови може еднострано да бидат отпуштени од работодавачите.

- Според Законот за работни односи, работодавачот не може да отпушти работник без да ги наведе причините за тоа. Тоа не може да го направи со тоа што ќе каже дека сега се вонредни услови. Во Законот за работни односи, поточно во член 112 став 7 пишува ако работникот не може да ја врши работата поради виша сила, има право на половина од платата - вели Димитров.

Тој објаснува дека ако некоја фирма се повика на прекин на работниот процес од деловни причини, работодавачот е должен на работникот да му издаде решение и да му плати 70 отсто од платата за период до три месеца во тековната година.

**Гужвите од маркетите се преселија онлајн.**

# И пензионерите купуваат од дома, а за нарачка се чека пет дена



**Имаме залиха на производи, но можеме да кажеме дека се забележува зголемена побарувачка за пет-шест пати, немаме слободни термини, велат во Пакет.мк**

**Елизабета Дамјановска - Спасеновска**

Ако до неодамна во супермаркетите забележително беше зголемен бројот на купувачи, деновиве продавниците се речиси празни. Се купува и многу помала количина намирници, за разлика од почетокот на кризата предизвикана од коронавирусот.

Дали кај граѓаните се намали паничното купување затоа што сè уште имаат залихи, сфатија ли дека намирници неопходни за живот сепак ќе има, или пак, во прашање е нешто друго?

Се обидовме да дознаеме и дали можноста да се купува од дома ги промени навиките кај граѓаните, па сега, како што се вели во рекламите, со еден клик си обезбедуваат храна, пијалаци и средства за хигиена.

Каков е обемот на работа, прашавме во Пакет.мк, од каде што ни одговорија дека побарувачката е зголемена за пет-шест пати.

– Имаме залиха на производи, но можеме да кажеме дека се забележува зголемена побарувачка за пет-шест пати, немаме слободни термини, првиот слободен термин е дури за пет дена од сега. Што се однесува до цените, тие се исти, освен ако е драстично зголемена набавната цена – вели Драган Јосифовски од Пакет.мк

Ако претходно купувањето беше „резервирано“ за помладите кои поради обврските немаат време да одат во маркети, сега ситуацијата е поразлична. Може да се забележи дека и пензионери купуваат онлајн. Дел од нив сами си ги прават нарачките, а на другите им помагаат помладите членови од семејството, додава Јосифовски.

На оние пак, кои освен храна им треба и нешто друго, од продавниците што не се отворени поради коронавирусот, имаат можност да направат онлајн нарачка, а нарачките до домашна адреса им ги носат компании што работат со достава. Таква е компанијата „Еко логистик“.

– Ние функционираме на начин во кој комуницираме и со испраќачот и примачот. Кај нас се јавуваат самите продавници, кои нудат е-продажба, но не нудат достава. Цената зависи од големината на пратката, оддалеченоста, односно дали е во Скопје или во друг град, и од тоа дали станува збор за брза или за редовна пратка. Можеме да констатираме зголемен обем на работа, посебно откако се затворија спортските продавници – велат од „Еко логистик“.

# Трибина

> Кои се тие слични кризни ситуации што се случиле и Груевски не ги намалил платите, освен тој самиот, никој друг не знае.
>
> **Џевдет Хајредини**

## Став.



↓ **Бошко Нацевски**

# Време за отрезнување

Ако во оваа здравствена бура, успееме да ги одржиме на вода - да не ни потонат гемиите, тогаш, господо политичари, веројатно во вас, а и во сите нас, ќе се подразбуди онај центар на традиционалнао задреманата сива мозочна маса, дека покрај вас, покрај тајкуните, покрај елитите, апашите, избраните и забеганите, постои и една заборавена класа. Нивната „маленкост“ ја здогледуваме само тогаш, кога во државата станува густо. Кога почнува немоќта, неизвесноста, стравот да ве мори. Кога ќе почувствувате дека под нозете нешто застрашувачки ви жари, ве пече, ви гори. Тогаш се присетувате на нив.

На нивната „дребнос“, кои само во дебелите книги на вашите теоретизирања за демократијата, за еднаквоста, за правата, дебело ја подвлекувате констатацијата дека токму тие ја сочинуваат основата на државата. Ги воспримате како бројка. Не чувствувате дека секој од нив ви е на себе рамен. Дека тие тивки „луѓе-бројки“, всушност се стожерникот, нашиот темелен камен. Ја игравте улогата наноеви, кои длабоко во песокот ги имаат вкопано главите, додека кроткум, но со неизмерен чемер, нашите деца, цели села пустееја, се селеа по меридијаните. Ни бегаа за трошка живот преку океаните. Ако го совладаме и овој пекол на вирусната заразна чума, неодложно, та дури и декретно, аманетно, свртете господо нова страница. Сфатете дека и трпеливоста, и поклонството, и издржливоста не се вековни. Имаат своја граница. На секој од нас му треба живот. Не изопачениот раскош на оние изроди со дегенеричен морал, туку пристоен дом во кој ќе ги раѓа, негува и расте своите деца. Не сакаме трпеза на изобилие, туку рамносилна на трудот. Никој да не ја почувствува горчината на немаштијата и гладот. Само кога ќе дизајнираме животен амбиент на социјално приближно исти, на среќни, не трауматизирани и маргинализирани, тогаш лесно се совладуваат сите неволји, сите стихии, сите еболи, африкански и шпански грипови и трески.

Драга господо, сега, кога вирусот кинески ви ги пикна вам, а заедно со вас и нам, двете нозе во едно чевел, е поволен миг да се разубедиме и да сфатиме дека и немаштијата е болест. Белки научивме уште некоја буква од азбуката на човечноста, на моралноста, на правдата, на животните вистини, дека се раѓаме за да бидеме сите исти, со ореолот - човек. Неправдата, и без налетот на вирусното цунами, на секој од нас, до жестокост му го масакрира животниот спокој. Поработете повеќе, поискрено и попредано на девизата - живот за сите. Оваа колективна неволја, ќе нè осведочи, ако сите претходни не го сторија тоа, дека правото на достоен живот е заедничко и неотуѓиво.

Јас така мислам, така напишав!ww

> **Неправдата, и без налетот на вирусното цунами, на секој од нас, до жестокост му го масакрира животниот спокој. Поработете повеќе, поискрено и попредано на девизата - живот за сите. Оваа колективна неволја, ќе нè осведочи, ако сите претходни не го сторија тоа, дека правото на достоен живот е заедничко и неотуѓиво**

## Избор колумни.

# Никогаш не е прерано да се мисли за подоцна



**Сашо Ордановски**
Цивил медија

Тринаесет членки на европската асоцијација на конзервативни десно-центристички партии (ЕПП) - додуша, засега, без Меркеловата ЦДУ на листата - завчера побараа итно исклучување на партијата Фидес на Виктор Орбан од својата асоцијација. Истовремено, тие побараа и итна реакција на Европската Унија кон својата членка Унгарија со соодветни санкции.

Причина? Неодамнешните „султански“ овластувања кои унгарскиот парламент му ги овозможи на Орбан во борбата против вирусната епидемија. Од Фидес возвраќаат и велат дека се работи за „лов на вештерки“ од страна на нивните колеги од ЕПП и дека драконските овластувања на Орбан се лимитирани само додека трае епидемијата, а потоа демократската контрола во земјата ќе биде вратена во рацете на парламентот. Каде што Орбан и така има неограничена власт.

За Орбан и неговото владеење е веќе доволно речено и напишано. Суспендирањето на демократијата во својата земја е проект врз кој тој неуморно работи со години наназад. Тоа што неговите „сопартијци“ од ЕПП дури сега се чувствуваат повикани да го исклучуваат од своите редови е нивен, а не проблем на Орбан. Просто речено, Орбановиот став, од поодамна, не е претерано да се опише како: „баш ме заболе!“

Но, во време кога - што би рекол Иван Крастев - по кратка, кризна постапка се укинува и демократијата, а и капитализмот во светот, и кога државата повторно ги добива своите „левијатански“ овластувања и капацитети по кои отсекогаш сонува, Орбан нема да има никаков посериозен проблем да ги исмее, овој пат со силна поддршка на своја страна, барањата за некво „демократско“ санкционирање.

Глобално, здравствената криза (која уште не е ни приближно ескалирана до своите максимални трагични димензии) несопирливо прераснува во најопасната економска криза во последните стотина години и брзо се „прелева“ со морталната закана врз демократијата во светот.

> Имаме некаква мала, историска „среќа во несреќа“: што власта, сега и овде, ја предводи на многу нивоа „несовршениот“ СДСМ, а не на многу нивоа „совршената“ ВМРО-ДПМНЕ.

Тоа е контекстот во кој се наоѓа и Македонија. Меѓутоа, во ваквиот несопирлив след на околностите, си мислам дека имаме некаква мала, историска „среќа во несреќа“: што власта, сега и овде, ја предводи на многу нивоа „несовршениот“ СДСМ, а не на многу нивоа „совршената“ ВМРО-ДПМНЕ.

Нормално, со ова тврдење го преземам целиот ризик врз себе да бидам инстантно и јавно масакриран од нашата формална



и неформална десничарска пропаганда. Сепак, дури и не чувствувам особена потреба да се бранам и да аргументирам дека демократскиот капацитет на македонската левица во последниве десетина години е далеку поголем од соодветниот таков капацитет на македонската десница - за да скратиме долги елаборации, можеби е доволно само да се наведе дека „живата икона“ на нашата сегашна опозиција, Никола Груевски, се наоѓа на гости и под заштита токму на европската демократска „бабарога“,речениот Виктор. Токму со кого сегашниот лидер на нашата опозиција неодамна се сликаше на несоодветно блиска заразна и политичка дистанца во Будимпешта.

Во таа смисла – Ај рест мај кејс.

Бидејќи кога, за неколку месеци - во оптимистичката варијанта - ќе ја пребродиме здравствената криза, а за неизвесно многу месеци ќе ја преживееме и економската хаварија, обновата на демократијата во земјава има далеку поголеми шанси со СДСМ на власт. Таа задача може да се покаже дека ни со нив нема да биде едноставна, со оглед на „крокодилите“ во нивните општествено-политички и бизнис редови, но кога доаѓала демократската неопходност нив да ги рушиме од власта (уште од падот на комунизмот, фала на прашање) тоа се покажувало како далеку поизводлива слободарска вежба одошто кога требало да се справуваме со паѓањето од власта на опасните (по живот!) авантуристи од нашата внатрешно-револуционерна десничарска опција. Тоа не е мала, туку многу суштинска разлика од разни здравствени аспекти.

Туку, сефте да ја проживееме коронава, па после, ако се појави потреба, ќе ја рипаме демократската „ограда“ кога ќе стасаме до неа. Дотогаш ќе седиме поспокојни и самоизолирани дома, макар и само заради оваа мала, а непроценлива демократска околност.

## ТОП TWEET



**Ильче Затаракоски**
А да ја однесиме на бајачка 2020та?



**Божидар Божиновски**
“Еден од првите знаци на корона е губење на вкусот” Значи ако видиш некоја во леопардови хеланки бегај.



**Горан Теменугов**
Се надевам дека Петре Шилегов не ги врати парите за чистење снег, како што бараа некои...

| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 5.4.2020 | **Тираж: 8.000 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**

Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ,**
**СРЃАН ИВАНОВИЌ,**
**МИТКО БИЛЈАНОСКИ,**
**КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА,**
**ВИОЛЕТА КОСТОВСКА,**
**ИВАНА НИКОЛОВСКА**
Лектор
**ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ** (фото)
**Маркетинг:**
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**Бобан Шошкиќ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА", НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

# Корона-економија: Адаптирај се да преживееш!



**Данела Арсовска**

Економијата се соочува со предизвици од неочекуваните влијанија на здравствената пандемија прогласена поради коронавирусот. Со одлуките за лимитирано работење со цел спречување на ширење на вирусот, од почетокот на март беа преполовени човечките ресурси и деловните активности, додека од првата половина на месецот што измина целосно затворени се повеќе дејности. Состојбата ја отежнува и големата неизвесност околу тоа кога би можело кризата да се надмине. Заканата за опстанок е најголема за малите и средни компании, а предизвиканите штети ќе бидат ненадоместливи и можат да резултираат со трајно пропаѓање на поголемиот број од малите правни субјекти.

Повеќе од 99 отсто од правните лица во Македонија се мали и средни претпријатија кои ги почитуваат предвидените здравствени мерки и мерките за рестрикција на работа и движење. Тие се столбот на нашата економија и во време кога се грижат за сопствениот опстанок треба да се почитуваат нивните напори да помогнат онаму каде што можат и каде што се потребни.

Секое од нив, согласно со своите можности, презема и дополнителни активности за да се заштити здравјето на луѓето, но и за да се постапи општествено одговорно, да им се помогне на оние што се најмногу погодени од настанатата криза. Во изминатиот месец, секторските комори и членовите на Сојузот на стопански комори, организираа акции на прибирање средства со кои се обезбедуваат хигиенски препарати, заштитни маски и ракавици што се донираат на ранливите категории. Дел од членовите се ставија на располагање на државните институции без надомест за помош, особено за анализа на флуктуациите во економијата и изготвување на акциски план. Угостителите обезбедуваат залихи со храна и оброци за лицата што припаѓаат на ранливите категории, како и за медицинскиот персонал кој е изложен на најголем ризик, а дел од хотелите ги отстапија своите капацитети за организирање државен карантин.

Во време кога економската криза се продлабочува, Владата го донесе новиот сет економски мерки, за кој во Сојузот на стопански комори беа доставени бројни реакции, особено од најзагрозените мали субјекти и претприемачите што се одлучиле да отпочнат да работат со подигнување кредити, односно да се самовработат и да не бидат ничиј товар. Реакциите што ги споделуваат се дека мерките во оваа форма нема да им помогнат во состојбата во која се наоѓаат, бидејќи со нив се покрива само минималната нето-плата, но тие не само што во овој момент немаат средства да ги покријат придонесите, туку во тешка состојба се и да изнајдат средства за редовните месечни режиски трошоци, бидејќи имаат нула приходи како резултат од затворањето и рестрикциите во работењето.

Заклучокот е дека секој ќе треба брзо да се прилагоди за да преживее, бидејќи економската криза се продлабочува. Затоа секој треба да ја усогласи својата дејност, ставајќи приоритет на преземање активности за опстанок. Владините мерки се објавени, кој може да ги искористи како помош и кој ги исполнува условите - ќе аплицира, за другите време е за самопомош.

**Владините мерки се објавени, кој може да ги искористи како помош и исполнува услови - ќе аплицира, за другите време е за самопомош.**



Професорот Леон Ц. Мегинсон од Универзитетот Луизијана стејт, во својата книга „Лекции од Европа за американскиот бизнис" во 1963 година напиша дека според Дарвиновата теорија за потеклото на видовите, не преживува најинтелигентниот вид, ниту најсилниот, туку оној што е способен најдобро да се адаптира и да се приспособи на променливата средина во која се наоѓа.

Денес приватниот сектор се наоѓа токму во таква состојба, не е важно како се функционирало низ годините, колку труд е вложен, ниту колку вистински чекори се направени во менаџирање на сопствените процеси и средства. Важно е единствено колку брзо ќе се прилагоди на моменталната состојба и со тоа реалната економија да успее да преживее во време на ковид-19.

Секое мало претпријатие размислува какви мерки да преземе за да се намали штетата што ја трпи од настанатата криза. Првиот чекор на кој сите размислуваат е дигитализација на процесите онаму каде што е можно. Оние кај кои е можно, се прилагодуваат и отпочнуваат својата продажба да ја вршат преку интернет, ги пласираат своите производи и услуги согласно со моменталната состојба, со нова маркетинг-стратегија, во комуникација со вршителите на достава, какви што се компаниите кои вршат поштенски и карго-услуги. Се прават и вонредни планови за зголемување на бројот на клиенти, согласно со можностите на пазарот. Многумина прават проценки за до крајот на годината, какво влијание ќе има намалувањето на продажбата врз финансиите и способноста со намалената ликвидност да се платат добавувачите и другите трошоци. Се бараат ажурирани финансиски извештаи што ќе помогнат реално и навремено, базирано на точни информации. за да се планираат следните чекори.

Да се минимизира штетата, потребно е секој да се обиде да преземе акција, да размисли што може да направи за да се одржат во живот малите претпријатија што работат за да ги прехранат своите семејства и да ги задржат вработените во овие тешки времиња.

Еден начин е да се поддржат малите национални претпријатија е да се купуваат или разменуваат производи или услуги, да се прават нарачки за испорака или да се купуваат ваучери за производи кои ќе ви бидат потребни што ќе ги искористите подоцна, но чија вредност ќе ја платите однапред, со што ќе ги поддржите своите пријатели или соседи финансиски да можат да опстојат додека ја надминат кризата.

Денес секој ги разгледува можностите каде и на кого може да му ги пласира услугите и производите со кои располага, а Сојузот на стопански комори овозможи бесплатна електронска дата-база, прилагодена на ситуацијата во која се наоѓаме, на која без надомест и за кратко време можат да се објават производи и услуги за размена или продажба.

На крајот важно беше институциите да покажат дека се грижат за сите свои граѓани, па и за оние во приватниот сектор. Мерките требаше да бидат итни и предвидени за три месеци и без строги критериуми за да се премости тешката состојба и надмине кризата, а сите се свесни дека по нејзиното пребродување ќе се работи за да се надополни дупката во буџетот.

Сега е моментот секој да се обиде да помогне на делот од реалната економија кој во овој момент е најпогоден и на кој му е најпотребна помош, а тоа се претприемачите и малите субјекти. Да не се дозволи да пропаднат од моменталната криза оние што вдомуваат семејства и лица што имале храброст да се самовработат и вработуваат други за да не бидат на товар на буџетот и социјални служби. Да се потрудиме така и да остане.

**(Авторот е претседател на Сојузот на стопански комори на Македонија)**



СТАВ

# Ретко занимавање со ретките болести

Ако се погледнат сите проблеми во системот, се чини дека државата сè уште го бара лекот за болните од ретки болести

**Мими Шушлеска Петкова**

Пациентите со ретки болести кај нас со години лутаат од еден до друг лекар во земјава и странство додека да им се постави дијагнозата, а кога конечно ќе се открие која е причината за нивната нарушена здравствена состојба, почнува битката за добивање на лекот. Немаат доволно информации, а и експертизата за голем број од овие состојби е ограничена, па лутаат и удираат во ѕид во обидот да најдат спас за проблемите со кои се соочува нивното најмило. А и откако ќе се постави дијагнозата, битката продолжува на секој чекор и потребен е голем ангажман на родителите, но и поширокото семејство, за детето да се извади на пат и да се оспособи за живот. Дополнителен товар на семејството му создава стигмата која уште постои во општеството и стравот дека ако околината дознае за дијагнозата, детето ќе биде отфрлено и обележано.

Во последниве две години се направи напредок во третманот на оваа група пациенти со тоа што конечно се обезбеди пристоен буџет за да може да се набавува неопходната терапија. Но нови пациенти тешко влегуваат на листата за добивање лек, а и кај оние што веќе се во системот се случува набавената количина на лекот да не стигне од еден до друг тендер, па пациентите пак да треба сами да си го купуваат.

Ако се сака и се вложи доволно напор и енергија, може многу да се направи во постојниот систем за да им се помогне на болните, но и на нивните блиски. Да се почне оттаму што кога ќе дојдат со некој проблем во Министерството за здравство, одговорниот за нив нема да ги испрати со пораката сами да се снајдат, туку искрено ќе се потруди да им излезе пресрет за решавање на проблемот.

Во светот многу од овие болести се третираат како состојби со кои може нормално да се живее и работи, придржувајќи се на одредена терапија и животен стил. Кон тоа треба да се стремат сите оние кои, меѓу другото, решаваат дали ќе има скрининг за сите новородени, дали некое дете ќе биде ставено на терапија веднаш без да го чека наредниот тендер. Ако се погледнат сите проблеми во системот, се чини дека државата сè уште го бара лекот за болните од ретки болести.

# Скопје

**Град Скопје** Мерки за надминување на последиците од пандемијата

# Годинава помала фирмарина и такса за закуп на јавен простор

**Одлука** Шилегов информира дека Град Скопје решил да се откаже од дел од средствата од најголемите приходни ставки (комуналиите, комуналните такси, закупот на јавен простор, градските давачки и сл.) со цел да ослободи повеќе пари во економијата.



Намалување на комуналната такса за закуп на јавен простор, намалување на фирмарината, откажување на кредитот за изградба на Луна паркот, се само дел од мерките што ги презема Град Скопје за полесно надминување на економските последици од пандемијата со коронавирусот.

Ваквите одлуки се донесени на последната седница на градскиот Совет, која поради почитување на мерките за заштита се одржа на отворено.

- Град Скопје е најголем чинител во македонската економија. Тука се остварува најголемиот дел од нашиот БДП, тука е најголемиот број работни места, тука се остваруваат најголемиот дел од инвестициите во земјава. Работите не смеат да запрат. Во изминатите две години Град Скопје покажа одлични финансиски резултати. Советот две години по ред усвојува завршни сметки, од кои јасно се гледа дека буџетот е на стабилни нозе и дека може да ги исполни своите цели - изјави градоначалникот Петре Шилегов.

Тој информира дека Град Скопје решил да се откаже од дел од средствата од најголемите приходни ставки (комуналиите, комуналните такси, закупот на јавен простор, градските давачки и сл.) за да ослободи повеќе пари во економијата.

- За таа цел ја спуштаме комуналната такса за закуп на јавен простор од 15 на 5 денари по квадрат (колкава што е минималната цена дозволена со закон) за цела 2020 година; ја намалуваме фирмарината за стопанските субјекти од 7.000 на 4.000 денари за 2020 (што исто така е законски минимум); го откажуваме кредитот за изградбата на новиот Луна парк; подигнуваме нов кредит на иста вредност за изградба и реконструкција на улици и друга инфраструктура (која ја работат домашните компании); комуналиите ќе можат да се плаќаат на 18 наместо на 12 месечни рати, ова се однесува за градби со комуналии чиј износ надминува 1 милион евра - рече Шилегов, додавајќи дека со цел успешно да се спроведат овие мерки, се надева дека наскоро Советот на Градот ќе усвои ребаланс на буџетот.

**Градоначалникот тврди дека летово ќе продолжат да се градат скопските улици, да се прават големите паркови на кои е започната работата, мостовите и ќе продолжи обновувањето на јавниот превоз.**

Во 2019 година, Градот оствари повеќе тековни приходи, изврши отплата на главнина по постојното задолжување и притоа остварил суфицит во износ од околу 528 милиони денари, а не направил ново задолжување, што овозможува Град Скопје да се откаже од дел од средствата од најголемите приходни ставки.

Притоа, градоначалникот тврди дека летово ќе продолжат да се градат скопските улици, да се прават големите паркови на кои е започната работата, мостовите и ќе продолжи обновувањето на јавниот превоз.

- Фокусирани сме на враќањето на парите назад во стопанството, преку обезбедувањето на повеќе средства за капитални инвестиции и одлагање на неприоритетните инвестиции како Луна паркот. На тој начин убеден сум дека ќе овозможиме граѓаните што работат во стопанството да ги задржат своите работни места и полесно да ги пребродат економските последици од справувањето со глобалната пандемија – нагласи Шилегов.

**Општина Карпош.**

## Се дезинфицира пред маркети, аптеки и банки



Четири цистерни активно работат на миење и дезинфекција на улици и фреквентни локации низ Карпош. Се мие и дезинфицира пред маркети, аптеки, банки и други места, каде што е забележано поголемо присуство на граѓани.

- Покрај двете цистерни на Општина Карпош, на терен мијат и дезинфицираат и цистерните на фирмите „Анизор“ и „Гранит“. Станува збор за една четиритонска и една седумтонска цистерна, кои се резултат на општествена одговорност на овие компании – велат од Карпош.

Деновиве се миеја и се дезинфицираа улици и фреквентни локации во Карпош 3, Карпош 4, Бардовци, Злокуќани, Бардовци и Тафталиџе кај пазарчето.

Локалната самоуправа продолжува со секојдневните активности за унапредување на јавната хигиена и заштита на граѓаните од коронавирусот. Оттаму ги повикуваат сите граѓани да ги почитуваат препораките од ресорните институции, да избегнуваат собирање во големи групи и движење во затворени простории.

**Општина Центар.**

## Еднократна помош за 55 социјално загрозени семејства

**Отворен е и јавен повик за доделување субвенции за проектот „Сервис за стари лица“ за жителите на Центар кои се над 60-годишна возраст.**

Комисијата за социјална и здравствена заштита на Општина Центар одржа електронска седница, на која одлучи да додели финансиска еднократна помош за социјално загрозени семејства и граѓани, жители на Општината, кои имаат лоша здравствена состојба.

Овие финансиски средства, како што соопштија општинските власти, се одобрени врз основа на пристигнати барања од жителите на општината.

- Со цел надминување на проблемите со кои се соочуваат овие лица, 55 семејства со итна социјална и здравствена потреба ќе добијат еднократна финансиска помош од Општина Центар со вкупен износ од 555.000 денари - вели градоначалникот на општината, Саша Богдановиќ.

Покрај овие вонредни мерки, од општината соопштија дека во соработка со невладината организација „Банка за храна“ и Здружението за поддршка и развој „Хуманост“, се мобилизираа заради обезбедување помош и донација на семејства што живеат во социјален ризик, нехумани услови и секојдневна борба со сиромаштијата.

Помош и поддршка, како што се наведува во соопштение, им се пружа на сите стари и изнемоштени лица над 60 години кои се жители на Општина Центар.

- Мобилните тимови почитувајќи ги сите мерки на претпазливост и заштита од ковид-19, им доставуваат пакети прехранбени продукти, медикаменти и други неопходни средства до нивните домови. За да не се изложуваат на дополнителна опасност и како најзагрозени и во најголем ризик од коронавирусот, мобилните тимови секојдневно се на терен за да им ја обезбедат потребна помош на овие лица - информира Општина Центар.

Отворен е Јавниот повик за доделување субвенции за проектот „Сервис за стари лица“ за жителите на Центар кои се постари од 60 години.

- Би сакал да апелирам до сите хумани граѓани и општествено одговорни компании да се вклучат во хуманитарните акции и заедннички да им помогнеме на нашите сограѓани. Сите заинтересирани можат да ни се обратат на телефонскиот број 076 313 383 - рече градоначалникот Богдановиќ.

# ЕНИГМО

А

АСТРОНОМСКИ ИНСТРУМЕНТ
ГРАД ВО ГЕРМАНИЈА
ЕКС ЈУ БОКСЕР АЛЕКСАНДАР
„СОЈУЗ на ТРГОВСКИ КОМОРИ“
ВИД ИНСЕКТ
СПОР, БАВЕН, ИНЕРТЕН
ГЕМИЦИИ
ХОЛАНД. ФУДБАЛЕР МИХЕЛС
НОЌЕН ЛОКАЛ
ГРАД ВО ХРВАТСКА
КОЕ СЕ ОДНЕСУВА НА ИНСТИТУЦИЈА, ПРАВНО
АРТИСТОТ ПАЧИНО
ИТАЛ. АРТИСТКА АЛИДА
САНДАЧЕ ЗА ПОШТА
РАФАЕЛ НАДАЛ (ПРЕКАР)
УМБЕРТО НОБИЛЕ
КАНАЛ ЗА ВОДА ВО АЗИЈА
РАМНОТЕЖА
АРТИСТОТ БУХОЛЦ
ПЕЈАЧКАТА СРЕБРОВА
НАЈГОЛЕМ МОРСКИ ЦИЦАЧ
ЗЛАТО (АУРУМ)
„ТЕРМОЦЕНТРАЛА“
„ЕЛЕКТРОНСКА ИНДУСТРИЈА“
НОБЕЛИУМ
ТОДОР НИКОЛОВСКИ
„АД АКТА“
ПРОВИНЦИЈА ВО ШПАНИЈА
„АТЛЕТСКИ“
ДОБИТОК
ДИВО ЖИВОТНО
ИТАЛИЈАН. АРТИСТКА ГРЕТА
ВЕТВО
ВО ЧЕТИРИ ОЧИ, ВО ДОВЕРБА
СТ. МЕРКА ЗА ТЕЧНОСТ (МН.)
МЕСТО НА ЦРЕС



В

МУСЛИМАНСКО МАШКО ИМЕ (ХАРУН)
СУРОВИНА ЗА ЧОКОЛАДА
ДУШЕВНО РАСТРОЈСТВО
СПИС, ДОКУМЕНТ
МАТЕРИЈАЛ ЗА ИЗРАБОТКА НА СВЕТИЛКИ
РЕТКО (ЛАТ.)
ЕКС ЈУ ФУДБАЛЕР БЕРНАРД
БИРО, КАНЦЕЛАРИЈА
ПАЦИФИЧКА ОСТРОВСКА ДРЖАВА
„АРАПСКА РЕПУБЛИКА ЕГИПЕТ“
БРИТАНСКА АРТИСТКА КЕЈТ
АРТИСТКАТА РИНА
ВЛАКНА НА ГЛАВАТА
АРТИСТКАТА БЕНИНГ
АМЕРИК. УПРАВА ЗА ВСЕЛЕНСКИ ИСТРАЖУВАЊА
НА ОНОЈ НАЧИН
ЈАПОНСКИ СКОКАЧ ДАИКИ
ЖЕНА КОЈА ИЗУЧУВА АМЕРИКАНСКА КУЛТУРА
КАПИСЛА ЗА ПАЛЕЊЕ ЕКСПЛОЗИВ (МН.)
СУДСКИ ПОМОШНИК, ЧЛЕН НА ПОРОТА
ТАТКО (СТ. СЛОВ.)

ЕНИГМАТСКИ ПРИЛОГ

ПОНЕДЕЛНИК, 6 АПРИЛ 2020

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Т | К | Н | И | Т | С | Н | И | | | | | | |
| Т | Р | А | В | Е | Р | З | А | | | | | | |
| Т | Ј | А | Р | Т | Р | А | К | | | | | | |
| А | Р | В | Д | А | Ј | Р | У | | | | | | |
| Т | И | А | Е | И | Б | Н | Ф | | | | | | |
| С | Р | Л | С | Н | Ц | И | М | | | | | | |
| С | Е | И | Р | И | Л | И | Н | | | | | | |
| Ц | М | Н | К | О | Л | И | Ј | Е | Д | А | Р | А | Ф |
| Е | А | Е | Л | О | Ј | К | В | А | Р | Т | А | Л | О |
| Н | Р | О | Ј | А | Л | А | О | К | Н | И | Р | А | М |
| О | Г | К | Г | А | Т | О | М | П | А | Е | И | А | Л |
| Г | О | А | Д | А | К | И | Р | О | Н | Ж | Т | В | Р |
| Р | Р | Р | М | Л | Б | А | Н | И | Т | Е | Е | А | И |
| А | П | А | О | А | Н | Е | Л | И | М | О | Т | Т | Р |
| Ф | Т | Б | Д | С | Ш | О | В | А | Ц | Е | С | К | Е |
| И | А | У | О | И | П | С | Т | А | К | А | Т | О | Д |
| Ј | Б | М | М | А | Н | И | Ф | Е | С | Т | Р | А | Р |
| А | У | О | И | Н | К | А | Р | Н | А | Ц | И | Ј | А |
| К | Л | Р | З | А | Л | И | Р | И | А | Р | П | И | Ј |
| У | А | Е | А | К | И | Е | М | Е | Т | Ц | Т | Р | И |
| Т | Т | Н | В | А | Н | Е | Н | А | Т | И | И | А | Л |
| С | О | О | К | Р | Т | И | Н | А | Р | И | З | Л | И |
| К | Р | С | А | А | О | Е | К | У | Л | Е | М | А | М |
| Г | Е | Т | Е | М | Н | Е | Е | Њ | Е | Р | К | М | М |



# ОСУМНАСОЧНИК

**Во ликот на осумнасочникот се внесени долунаведените поими. Нив ќе ги најдете во осумте можни насоки, а на крајот ќе ви останат 17 слободни букви, кои читани по ред го даваат името и презимето на познат американски артист на фотосот**

- АБУ ДАБИ
- АПОЛИНЕР
- ГРАДИНАР
- ЕМИСИЈА
- ЖАК ВИЛНЕВ
- ИЗРАЕЛЕЦ
- ИНКАРНАЦИЈА
- ИНСТИНКТ
- ЈАБОЛКО
- ЈАКАЛАК
- ЈАКУТСК
- КАН КАН
- КАРАБИНЕР
- КАРТРАЈТ
- КВАЗИМОДО
- КВАРТАЛ
- КЕРАМИКА
- КЛИНТОН
- КРТИНА
- ЛАТИНИЦА
- МАЛАРИЈА
- МАМЕЛУК
- МАНИФЕСТ
- МАРАКАНА
- МАРИНКО
- МАТЕМАТИКА
- МИЛИЈАРДЕРИ
- МИЛОЈКО
- МИТЕРАН
- МУБАРАК
- НИЈАГАРА
- ОКТАВА
- ОМИЛЕНА
- ПОКЛИСАР
- ПРОГРАМЕР
- РАРИТЕТ
- РЕКЕТАР
- СЕРВИС
- СОТОМАЈОР
- СПИРИТИЗАМ
- СТАКАТО
- СТРИПТИЗ
- СЦЕНОГРАФИЈА
- ТАБУЛАТОР
- ТАМАТАВЕ
- ТАРНЕР
- ТЕМНЕЕЊЕ
- ТРАВЕРЗА
- ТРАДИЦИЈА
- ТРИКОЛОРИ
- УМОРЕНОСТ
- УНЦИКЕР
- ФАРАДЕЈ
- ФИЛОЛОГ

## АФОРИЗМИ

Природата измисли се' освен пресечен човек. Него го создадоа статистичарите.

*******

Во интерес на подобрување на општото расположение, го молиме народот да биде посреќен.

*******

Треба да се забранат сите говори. Нека секој го направи она што сакаше да го каже!

*******

Државата ни овозможи големи заштеди. Некогаш моравме да патуваме во Африка за да видиме луѓе кои умираат од глад.

*******

Леб има доволно, ама незгодата е во тоа што веднаш се изедува!

*******

Не ги изгубивме сите битки. Само оние во кои учествуваме!

*******

Политичарот е човек кој добро го плаќаме постојано да не' убедува дека добро живееме.

*******

Кога политичарите ќе понудат нови формули, хемичарите се плашат од експлозија.

„ЕНИГМО“

ЕКС ГЕРМ. АВТОМОБИЛИСТ (ФОРМУЛА-1) | ИЗУЧУВАЧИ НА АМЕРИКАНСКАТА КУЛТУРА | ИТАЛИЈАНСКИ ПОЛИЦАЈЦИ | К | ЕДЕН СПОРТ / ПРЕДЛОГ: ВНАТРЕ | ИМАГИНАРЕН БРОЈ | ИМПЕРАТОР | С | ГРАД ВО ДРЕВНА ФЕНИКИЈА | А | ПРВАК, ШАМПИОН / ТЕТОВО | ВИД ПОЛУСКАПОЦЕН КАМЕН / БОЈА ЗА ЧЕВЛИ | А

ДЕЛ ОД ОБЛЕКА ЗА ЗИМА (МН.) | ВЕРС / ЛИНИЈА НА ИСТА МОРСКА ДЛАБОЧИНА

ВИД ЛИКЕР, ГОРЧЛИВ ПО ВКУС | РЕЧНИ ОСТРОВИ / ПЕЧАТЕЊЕ (СТР.) | АРТИСТКАТА ТОМПСОН / ГЛАС, ВЕСТ (МН.)

СЕЛО ВО БИТОЛСКО | НЕСТИХУВАНО КНИЖЕВНО ДЕЛО / СЛИКАРКА ТЕМКОВА | КОЊ / ВИД ГАС ($C_2H_4$)

КАТОЛИЧКИ КАЛУЃЕР | ШВЕДСКИ ХЕМИЧАР АЛФРЕД / ВИД БОНБОНА | ОЗДРАВУВАЊЕ, ЗАКРЕПНУВАЊЕ

ГРАД НА ХРВАТСКОТО ПРИМОРЈЕ (ФОТОС) | ШПАНСКИ ФУД. КЛУБ / ЕКС ЈУ КОШАРКАР БЛАЖ



Б | ФРАНЦУСКА АРТИСТКА / АТЛЕТИЧАРОТ БОЛДОН | УРАНИУМ | САТИРИЧАР / „ГРАДСКО СОБРАНИЕ“ | С | С | БАБА, СТАРА ЖЕНА

ВИД ЛИСТОПАДНО ДРВО (МН.) / НЕДОСТАТОК | ВИД ЕКСПЛОЗИВ / ЗЕМЈОДЕЛ. АЛАТКИ, КОПАЧИ | БЛАГО ОД БАДЕМИ ИЛИ ОРЕВИ / СТРАНСКО ЖЕН. ИМЕ | СРПСКИ ФУДБАЛЕР НЕМАЊА

ЖЕНСКО ИМЕ | ТАТКО (СТ. СЛОВ.) / ВИД ВРБА (МН.) | СТАРИ ФРАНЦУСКИ ПАРИ / ОТИС ТОРП | ПОЗА, ГЛЕДИШТЕ / ЕКС ГЕН. СЕКР. НА ООН, КОФИ

ГРАД ВО ЈАПОНИЈА / ПОЗНАТО ФИЛМСКО КУЌЕ | ДРЖАВНИ ДАВАЧКИ (ЛАТ.) / „АРАП. РЕПУБ. ЕГИПЕТ“ | ЕЗЕРО ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА / КОНАК, МЕАНА

Л | ЕКС ГЕРМАНСКИ ФУДБАЛЕР ВОЛФГАНГ / СКАНДИУМ | ИНДИСКИ ПОЛИТИЧАР, ПРИНЦ / КАТИНА ИВАНОВА

К | ПРОИЗВЕДУВАЧ НА СВИЛА / РЕОМИР | ЈАВАЧИ НА КОЊИ / ТЕМПО

ПОДЗЕМНО ЖИВОТНО | ЖИТЕЛИ НА ЕВРОПСКА ОСТРОВСКА ДРЖАВА | ВИД ГАС ЗА ЗАВАРУВАЊЕ | МЕСТО БЛИЗУ НОВИ САД

# СЛОГОВЕН КРСТОЗБОР

**ВО СЕКОЕ ПОЛЕ СЕ ВПИШУВА ПО ЕДЕН СЛОГ**

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | ■ | 4 | 5 | 6 | | ■ | 7 |
| 8 | | ■ | 9 | 10 | | | | ■ | 11 | |
| 12 | | 13 | ■ | 14 | | | ■ | 15 | | |
| ■ | 16 | | 17 | | ■ | 18 | 19 | | | ■ |
| 20 | ■ | 21 | | ■ | 22 | ■ | 23 | | ■ | 24 |
| 25 | 26 | | ■ | 27 | | 28 | | ■ | 29 | |
| 30 | | ■ | 31 | | | | ■ | 32 | | |
| | ■ | 33 | | ■ | | ■ | 34 | | ■ | |
| ■ | 35 | | | 36 | ■ | 37 | | | 38 | ■ |
| 39 | | | ■ | 40 | 41 | | ■ | 42 | | 43 |
| 44 | | ■ | 45 | | | | 46 | ■ | 47 | |
| | ■ | 48 | | | | ■ | 49 | | | |

**ХОРИЗОНТАЛНО:**

**1.** Највисок планински масив на Земјината топка;
**4.** Подрачје на кое е распространет посебен растителен или животински вид (мн.);
**8.** Името на пејачката Ленокс;
**9.** Зрачење;
**11.** Стара јапонска престолнина;
**12.** Дијагнози;
**14.** Аеродром крај Токио;
**15.** Кус прекин во работата заради одмор, починка;
**16.** Напредување во службата;
**18.** Воен брод вооружан со торпеда;
**21.** Органи за дишење кај рибите;
**23.** Езеро во Италија;
**25.** Името на една од трите сестри писателки Бронте;
**27.** Противотров во организмот;
**29.** Муслиманска света книга;
**30.** Дело од Емил Зола;
**31.** Италијански диригент Артуро;
**32.** Главен град на Џорџија (САД);
**33.** Дел од отплата;
**34.** Одред на античката македонска коњица;
**35.** Големи спортски објекти;
**37.** Човек кој се занимава со политика;
**39.** Бина, естрада;
**40.** Установа организирана да ги застапува интересите на една гранка од дејноста;
**42.** Болен грч во стомакот;
**44.** Името на пејачот Петрески;
**45.** Повеќе островски групи во Тихиот Океан;
**47.** Вид птица слична на штрк;
**48.** Една од координатните оски во геометријата;
**49.** Жители на Огулин .

**ВЕРТИКАЛНО:**

**1.** Вид диво животно;
**2.** Тропско растение од чијшто корен се добива леб;
**3.** Штавена овча кожа;
**4.** Мерка за степен на чистота на златото (мн.);
**5.** Декламатор;
**6.** Света (тур.);
**7.** Инфекција;
**10.** Планина во Далмација;
**11.** Систем од знаења;
**13.** Воздушен брод, аеростат (мн.);
**15.** Град во Италија, на Сицилија;
**17.** Епохи;
**19.** Вид дувачки музички инструмент;
**20.** Приредба која се одржува на секои три години;
**22.** Радиоактивен хемиски елемент;
**24.** Жител на Карантанија;
**26.** Експлозивно тело;
**27.** Името на пејачката Гиева;
**28.** Дипла (мн.);
**29.** Ремен, каиш;
**31.** Поранешен бразилски фудбалер;
**32.** Фудбалски клуб од Мадрид;
**33.** Хемиски елемент;
**34.** Сврзник;
**35.** Степен, достигната фаза во развитокот на нешто;
**36.** Женско име;
**37.** Неуспех во борба (мн.);
**38.** Најпознат филмски комичар;
**39.** Храна што се носи при посета на болен;
**41.** Метална пара;
**43.** Чамци, чунови;
**45.** Место во Далмација, кај Сињ;
**46.** Град во Јапонија близу Осака.

## ГАТАНКА

**СИ ИМАВ ЕДНА НЕВЕСТА, ВО ЌОШЕ СЕДЕШЕ, ПО КУЌИ ШЕТАШЕ, ПАК НА МЕСТО СИ ИДЕШЕ**

# ВОЛШЕБЕН ЛИК

| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| 1 | | | | | | | | |
| 2 | | | | | | | | |
| 3 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |
| 5 | | | | | | | | |
| 6 | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

**ДЕ, ДИ, КО, КРЕ, НЕЦ, НИ, ОК, ПА, ПЕН, ПО, ПО, РА, РАС, РЕЦ, РИ, СТО, ТО, ТО, ТО, ТРАК**

**ХОРИЗОНТАЛНО И ВЕРТИКАЛНО:**

**1.** Вид земјоделски машини,
**2.** Стопен, растворен,
**3.** Вид морски главоног (мн.),
**4.** Народен израз за ситна пара,
**5.** Војничка кошула (мн.),
**6.** Дел од кујнски мебел.

# А Н А Г Р А М И

**ПРИМЕР СИ . . . ЗА ДОБРА ПОРАНЕШНА ФРАНЦУСКА ТЕНИСЕРКА**

* * * * * * *

**МИСТЕРИЈА . . . Е ОВАА ПОТПОЛНА СЛИЧНОСТ ОД ОБЕТЕ СТРАНИ**

* * * * * * *

**ПАЛЕНТА . . . НАЈМНОГУ СЕ ЈАДЕ НА ОВА ВСЕЛЕНСКО ТЕЛО**

* * * * * * *

**ТИ, НЕЗДРАВ . . . ЛИ СИ ШТО ПРАВИШ ВАКВИ ДЕСТРУКЦИИ?**

* * * * * * *

**ГРАНД АРОМА . . . ИМА ОВА РАСТЕНИЕ**

„ЕНИГМО“

ПОСТАР ШПАНСКИ ПЕЈАЧ (ФОТОС) | ХОЛИВУДСКА АРТИСТКА КАРМЕН | ВОЈНИЧКИ ТАБОРИ | СЕЛО ВО КУМАНОВСКО | ПРВАК, ШАМПИОН | А | ХЕБРЕЈСКИ ПРОРОК / ВОЈНИЧКА НАРЕДБА | Н | Е | ЧУВСТВО, ВОЗБУДА (МН.) / РЕЖИСЕРОТ КАЗАН | У | ГРКОКАТОЛИК / ГОРА ВО ТЕСАЛИЈА | ЛИЧНА ЗАМЕНКА | КИСЛОРОД | НАШ ПИСАТЕЛ („КРПЕН ЖИВОТ“) | И | ВИД ПЕЧАТАРСКИ БУКВИ (КУРЗИВ) | ДРЖАВИТЕ НА ЈУЖНА И СРЕДНА АМЕРИКА

МИТСКА КЕРКА НА БЕОТСКИОТ КРАЛ АТАМАНТ И НЕФЕЛА | СТВРДНАТОСТ КАКО КАМЕН / КОЊИ | ЛИТАР / КОМПОЗИТОРОТ РИМСКИ КОРСАКОВ

АРТИСТИЧКА РОЛЈА | УШНИ КАМЕНЧИЊА / НАЗИВ, НАСЛОВ | ЕЗЕРО ВО АФРИКА / ГЛАВЕН ГРАД НА ХОНДУРАС

ЛИЧНА КАРТА | ХЕБРЕЈСКИ МОЛИТВЕН ПЛАШТ / ВОЛТ

ПРЕТЕРАНА ВЉУБЕНОСТ ВО ИКОНИ | ГОЛЕМИ, УГЛЕДНИ, ЗНАМЕНИТИ / АМПЕР

ТОКСИЧЕН | МЕЃУНАРОДЕН СОЈУЗ ЗА ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ | ВИД ОТРОВЕН ГУШТЕР, МАЦАКЛИН



ДЕЛ ОД ОКОТО (МН.) | ДЕНАР / ГРАТЧЕ БЛИЗУ РИМ | УРОШ ПРЕДИЌ | ЛАСЛО САБО / НАЈГОЛЕМ МОРСКИ ЦИЦАЧ

ГАЛИУМ | ЕЛЕКТРОН / ЈУЖНО ОВОШЈЕ (КИВИ) | ОЛАФ АУКРУСТ / ПОКАЗАТЕЛИ | ТЕСНА УЛИЧКА / ФИНСКИ ФУДБАЛЕР САМИ

ЛУМЕН | ПЕЈАЧОТ КУПЕР / МУСЛИМАНСКИ ПОЗДРАВ | ИРСКА АРТИСТКА КЕЈТ | Х

КУПУВАЊЕ ПРЕД ИСПОРАКА НА СТОКА | ЧЕШКИ ПЕЈАЧ КАРЕЛ | АЛТ / ВИД СКАПОЦЕН КАМЕН

ДЕЛ ОД ТЕНИСКИ МЕЧ | ЧАД, КАД / СТРАНСКО МАШКО ИМЕ | АТАНАС ВАНГЕЛОВ | АМЕРИЦИУМ / ВИД ЛЕК (АЦИСАЛ)

СЛОВЕНЕЧКИ СПОРТСКИ КЛУБ | ЛУКСЕМБУРГ | ГРАД ВО КАМЕРУН / НАША МУЗИЧКА ПРОДУКЦ.

ЦРН ПРИШТ, АНТРАКС | ЕКС ГЕН. СЕКРЕТАР НА ООН КОФИ / ЛЕСНО КРШЛИВО | М | НАДГРОБНА ТУМБА / ПРЕЛИВ НА БОЈА | П | ПРАВЕЊЕ ПАРАДИ / СЛАБ ШАХИСТ

ИТАЛИЈАНСКО СПИСАНИЕ ЗА ЖЕНИ | ГРАД ВО ИТАЛИЈА / ПРОДУКТ НА ИСПАРУВАЊЕ | ВИД МАЈМУН (МН.) / АВСТРИЈА

СУЛФУР | ЈАПОНСКА ТЕНИСЕРКА КИМИКО / ЈАПОНСКО САМОУБИС. | ЖЕНСКО ИМЕ / ЗАБРЗАНО (МУЗ.) | РИМСКИ МЕЦЕНА ТИТ ПОМПОНИЈ / НЕПРАВИЛНОСТИ

ЧИТАЈТЕ „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“ | ЧИТАЊЕ ОД ДЛАНКА / ГРАТЧЕ НА ПЕЛОПОНЕЗ (ГРЦИЈА) | ШАХИСТКАТА МАРИК / СРЕДСТВО ЗА ПОВРАЌАЊЕ

НАЈМИЛ | ОСТИНАТОСТ / РОЖБА, ЧЕДО | ВРЕМЕ КОЕ НАДОАЃА

ВИД ПАПАГАЛ | ЕЗЕРО ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА / МЕСТО КАЈ ДУБРОВНИК | ВИД БИЛКА (САСА) / РАДИУС | ИТАЛИЈА / ВЛАДЕЕЊЕ СО НАСИЛИЕ

ВАСИЛ АТАНАСОВ | СИМЕНС / КРАЖБА, РАЗБОЈНИШТВО | ВОЛЈА / ПРИПАДНИК НА КАВКАСКИ НАРОД (ОСЕТ) | ДЕЛ ОД ВОЈВОДИНА / МЛАДО ОД КОЗА | „ЛИМИТЕД“ / КАБИР БЕДИ

СОБИР НА ПОМОШНИЦИ КАТОЛИЧКИ СВЕШТЕНИЦИ | ДЕЛ ОД ПОСТЕЛА / УНГАРСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ | АРТИСТКАТА БАКСТЕР / ЕСТОНЕЦ

РИБОЛОВЕЦ | ПРЕДМЕТ НА РАСПРАВА / РАЧКА ОД ВИОЛИНА | ВИД АНГЛИСКА ДВОКОЛКА / ЕЛИЗАБЕТ ТЕЈЛОР

РЕКА ВО ЈУЖНА АМЕРИКА | БИЛКИ (ЛЕКОВИТИ) / ПОСЛЕДНАТА БУКВА | ПОЈАВА ПРИ СПИЕЊЕ / СЕВЕР

РЕКА ВО ИТАЛИЈА БЛИЗУ МИЛАНО | ВИД ЈАДЕЊЕ СО МНОГУ МАГДОНОС | ПОЛУОСТРОВ НА ЈАДРАНОТ

## ЗАНИМЛИВОСТИ

– Врисокот на синиот кит, кој изнесува 188 децибели, е најсилниот звук произведен од живо суштество на планетава

– Некои видови жаби можат да преживеат замрзнување. Тие поседуваат специјални протеини што го спречуваат формирањето мраз во нивните клетки

– Секој лав има уникатен отпечаток на носот како што се отпечатоците на прстите кај луѓето

| „ЕНИГМО“ | ВИД МРЕЖЕСТА ТКАЕНИНА | НИЗА СРОДНИ ПРЕДМЕТИ / РАДАРИ | С | ДРЖАВА ВО АЗИЈА | НАША ПЕЈАЧКА СУЗАНА | УМЕТНИЧКИ СТИЛ ОД 18. ВЕК | ВИД ДЕТСКИ ИГРАЧКИ | ПОЗНАТ ИЗВИДНИК ОД ДИВИОТ ЗАПАД (КИТ) | СОЛЕНО СТАПЧЕ ЗА ГРИЦКАЊЕ / МЕРКА ЗА ХАРТИЈА | Г | ДОЛЕН ДЕЛ ОД САДОТ | ШПАНСКО МАШКО ИМЕ | ПРИБОР ЗА ШИЕЊЕ / ОЗИ ОЗБОРН | И | ТРЕНДАФИЛ (МН.) | ЕДЕН КОНТИНЕНТ | ЕДИНИЦА ЗА МЕРЕЊЕ ВОЗДУШЕН ПРИТИСОК (МН.) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕКГ ДИЈАГРАМ / ЛЕКАРИ ЗА УВО, НОС И ГРЛО | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| О | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| ПОРАНЕШНА ФИЛИПИНСКА ПРЕТСЕДАТЕЛКА | | | | | | | | | | | | | ПОЛИТ. ЗАСОЛНИШТЕ / РЕЗЕРВОАР ЗА ЕЛЕКТР. ЕНЕРГИЈА | | | | |
| РУСКИ ПОЕТ ВЛАДИМИР | | | | | | | | | | | „АД АКТА“ / МОДЕЛ НА ОПЕЛ | | | „ИСТОК - ЈУГО - ИСТОК“ / СВИРАЧИ НА ОКАРИНИ | | | |
| БИВША ЈУ АРТИСТКА РИНА | | | | РУДАРСКА ЈАМА / ВОЗДУШЕН БАЛОН | | | | | МУЗИЧАР ЏОРЛЕВ / СЛЕД НА НАСТАНИ (МН.) | | | | | | АНРИ БАРБИС / ЖИТЕЛКА НА ГРАДОТ СЈЕНИЦА | | |
| НОБЕЛИУМ | | | СОПСТВЕНОСТ (МН.) / ВОЗДУХ (ЛАТ.) | | | | | | | ПРИПАДНИК НА ИНДИЈАНСКО ПЛЕМЕ / ОВАДИЈА ЕСТРЕЈА | | | | | | АМПЕР / ОДЕЊЕ, ЧЕКОР | |
| ВИД ЗЕМЈОДЕЛСКА МАШИНА | ДЕЛ ОД ОТПЛАТА / РОДБИНА, СВОЈСТВО | | | | | ВОЛТ / МАЛА ПОРТА (ЛАТ.) | | КУБАНСКИ АТЛЕТИЧАР ХАВИЕР / МАРКА КАМИОНИ | | | | | | | | | |
| Т | | | | | ГОЛЕМА СЛИКА / ФРАНЦ. ПОЛИТИЧАР ВАЛЕРИ | | | | | | | КАНЦЕЛАРИИ / ВИД БИЛКА, ШТИР (МН.) | | | | | |
| КИСЛОРОД | | МАШКО ИМЕ / ПЛИТОК МОРСКИ ЗАЛИВ | | | | | | | | ГРАД И ЕЗЕРО ВО КАНАДА / ИТАЛИЈА | | | | | | НИЕТ, НАКАНА (МН.) | РОМАН ОД ЛАЈОШ ЗИЛАХИ |
| ДЕЈВИД ЛИН | | | ТРИЧЛЕНА МУЗИЧКА ЕДИНИЦА (МН.) / ЗГУСНАТИ | | | | | | | | РАНО ИЗУТРИНА / МЕТАР | | | | | | |
| СТРУЧНО ПРОБУВАЊЕ ПРОИЗВОДИ (ЦИГАРИ, ВИНО . . .) | ИТАЛ. МОТОЦИКЛИСТ ЏУЗЕПЕ / ЕПСКИ ПИСАТЕЛ | | | | | | | | | ЧОВЕК ШТО ВЕНЧАВА / АВСТРИЈА | | | | | | | |
| Д | | | | | | | | | | | САНИТЕТСКА Ф-КА ОД ДОМЖАЛЕ / ТЕНИСЕРОТ САМПРАС | | | | | | |
| ПУСТ ПРЕДЕЛ / КРАТКИ ПАЛТА | | | | | | | | | | СЛОВЕНЕЧКИ РАКОМЕТАР / МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | |
| М | | | | | | | ЅВЕЗДА ОД СОЅВЕЗДИЕТО „ОРЕЛ“ / ИСТОК | | | | | | РИБИНИ ЈАЈЦА / ПОСЛЕДНАТА БУКВА | | | | |
| ХЕТИТСКА БОЖИЦА НА ЖИТОТО | | | | | НИКЕЛ | | | РЕКА ВО РУСИЈА | | | | | | ГРАД ВО ЗАПАДНА ИНДИЈА | | | |

# Х У М О Р

Жената му зборува, зборува, зборува на мажот ... па наеднаш застанува.
– Што ти е? – се загрижил мажот.
– Се гризнав за јазикот.
– Како само успеа да го фатиш?

*******

Разговараат двајца пријатели и едниот прашува:
– Знаеш ли каква е разликата меѓу богатиот и сиромашниот селанец?
– Немам поим – одговара другиот.
– Сиромашниот селанец мора самиот да си го мие својот Мерцедес!

*******

Привлечна русокоса предизвикувачки чекори по улицата. Еден маж маѓепсан од нејзината фигура, тргнува по неа. Подоцна му се придружува уште еден, па уште еден и на крајот свитата имала десетина луѓе. Русокосата тогаш се свртела и викнала:
– Што сакате од мене, јас не сум швајцарско сирење!

*******

Директорот ја прашува својата секретарка:
– Дали сте слободна вечерва?
– Ох, се разбира дека сум – одговара таа сета раствреперена.
– Одлично! Тогаш би ве замолил да си одите дома и рано да си легнете, за да можете утре да дојдете на работа на време.

*******

Зошто треба да се дозволи конзумирање на алкохол на работното место:
1. Вработените ќе доаѓаат редовно и точно на време на работа;
2. Се намалува стресот;
3. Води кон искрени комуникации;
4. Ги намалува изостаноците, може да се доаѓа на работа и мамурен;
5. Ги намалува приговорите дека платите се ниски;
6. Од работниците ќе слушнете што мислат, а не она што шефовите сакаат да го слушнат;
7. Ги намалува трошоците за греење преку зимата;
8. Го зголемува чувството на задоволство на работното место;
9. Храната во мензата се чини повкусна;
10. Пијаните шефови полесно ги зголемуваат платите.

*******

– Господине судија, тврдам дека сум апсолутно невина! – вели обвинетата.
– Но, во изјавите на сведоците е запишано: „Грабежот го изврши убава, интелигентна и многу секси ...„
– Ох, во таков случај тоа сум навистина јас!

*******

Разговараат двајца пријатели:
– Дали ти дома понекогаш и' помагаш на твојата сопруга
– А, не, никако. Јас сите работи ги сработувам сосема сам!

# АНАГРАМНИ РАВЕНКИ

**СУМИРАЈТЕ ГИ БУКВИТЕ ОД ЛЕВИТЕ КОЛОНИ СО БУКВИТЕ ОД СРЕДНИТЕ КОЛОНИ, АНАГРАМИРАЈТЕ ГИ И ЌЕ ДОБИЕТЕ НОВИ ЗБОРОВИ СО СИТЕ БУКВИ. ВО КОЛОНАТА СО РАСТЕР ЧИТАНО ОДГОРЕ НАДОЛУ ЌЕ ДОБИЕТЕ ИМЕ НА ГРАД ВО ГЕРМАНИЈА ПОЗНАТ ПО ФАРМАЦЕВТСКАТА ИНДУСТРИЈА. КАКО ПОМОШ СЕ ВПИШАНИ БУКВИТЕ ОД ШЕСТАТА КОЛОНА**

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Л | А | К | Е | Ј | + | И | Ц | К | О | = | | | | | | Ц | | | |
| П | Е | Т | Р | Е | + | С | И | Т | О | = | | | | | | О | | | |
| Е | Н | Е | С | А | + | Ц | Р | В | И | = | | | | | | Н | | | |
| Л | А | С | Е | Р | + | И | Н | К | А | = | | | | | | Р | | | |
| Е | П | И | К | А | + | О | Д | Р | И | = | | | | | | Д | | | |
| Т | Р | И | К | О | + | Б | У | Н | А | = | | | | | | А | | | |
| Б | Е | С | Н | И | + | К | Л | У | Ж | = | | | | | | Е | | | |
| П | Р | О | З | А | + | М | И | Н | Т | = | | | | | | Т | | | |
| С | Т | Е | Н | А | + | К | Е | Т | И | = | | | | | | Е | | | |
| Т | О | Н | К | А | + | В | Р | А | Т | = | | | | | | В | | | |



## МОЗАИК

__5 букви:__ *ДОЈКА, НОРМА, ОЛТАР, РАГБИ, СОСПА, СТРЕС, ТАБАН, ТРАСА*

__6 букви:__ *АРКАДА, ЕЛБРУС, ИВЕРКА, ИЗБОРИ, КВАРТА, ПРАВЕЦ, СЕЈМЕН, ТРЕНЕР, ШТУРЧЕ*

__7 букви:__ *АПРИОРИ, АРИВИСТ, БОРОВЕЦ, ГЛАЗГОВ, КАЛГАРИ, ПАЦИЕНТ, ПРЕСУДА, РАДАМЕС, РАКАТКА, СЕПТИМА, ЦИВКАЊЕ*

__8 букви:__ *АСТРОНОМ, ЕНТЕРИЕР, ИСТОРИЈА, ЛАКСАТИВ, УЗЕНГИЈА, ЦИТАДЕЛА*

__9 букви:__ *МАНИРИЗАМ, МАРАТОНЕЦ, ТАРТАРАТИ*

__10 букви:__ *МОНТЕНЕГРО, ОСТАРЕНОСТ, ПРИЈАТЕЛКА, ПРИМЕРНОСТ, ТРАКАТАНЕЦ*

__11 букви:__ *ЕКСПЕРИМЕНТ*

# С У Д О К У

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 6 | 1 | | 5 | | |
| 8 | 9 | | | | | | | |
| | | 7 | 3 | | | | | |
| 9 | 7 | 5 | | 3 | | | 1 | |
| | 6 | | | | | | 3 | |
| | 2 | | | 7 | | 6 | 8 | 9 |
| | | | | | 2 | 1 | | |
| | | | | | | | 9 | 2 |
| | | 3 | | 4 | 1 | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | | | | 7 | 3 | |
| 2 | 3 | | | | 1 | | | |
| 4 | | | 3 | | | | | |
| 9 | | 4 | 5 | | 2 | | | 1 |
| | 7 | | 1 | | 4 | | 6 | |
| 1 | | | 7 | | 9 | 8 | | 5 |
| | | | | | 6 | | | 7 |
| | | | 2 | | | | 5 | 6 |
| | 2 | 5 | | | | 1 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | | 6 | | | 9 | | |
| | | | | 7 | | | 2 | |
| 4 | | 7 | 9 | | | | | 5 |
| | 1 | | 5 | 6 | 2 | 4 | 9 | |
| | | | | | | | | |
| | 6 | 4 | 3 | 1 | 9 | | 5 | |
| 6 | | | | | 3 | 5 | | 7 |
| | 9 | | | 5 | | | | |
| | | 2 | | | 6 | | 8 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | | | | 7 | | | 3 | |
| | | 1 | 6 | | | 2 | | |
| | 9 | 2 | 3 | | | 4 | | |
| | | 6 | 5 | | 2 | | 8 | 9 |
| | | 3 | | | | 1 | | |
| 9 | 5 | | 8 | | 1 | 6 | | |
| | | 9 | | | 8 | 3 | 6 | |
| | | 5 | | | 3 | 9 | | |
| | 1 | | | 6 | | | | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 7 | 2 | | | | | 8 |
| | 2 | | 1 | | 3 | 7 | | |
| 8 | | 3 | | | | 2 | | 1 |
| | 5 | | | 1 | | | | 7 |
| | | | | 6 | | | | |
| 6 | | | | 7 | | | 8 | |
| 2 | | 8 | | | | 4 | | 5 |
| | | 4 | 7 | | 6 | | 9 | |
| 5 | | | | | 4 | 1 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 6 | 8 | | | | 7 | |
| 2 | 9 | 1 | | 5 | | | | |
| | | | | | 6 | | 3 | 1 |
| 1 | | | | | 5 | 7 | | |
| | 4 | | 9 | | 1 | | 5 | |
| | | 7 | 2 | | | | | 9 |
| 5 | 1 | | 6 | | | | | |
| | | | | 4 | | 3 | 1 | 6 |
| | 2 | | | | 7 | 5 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 9 | | | | 5 | 1 | | |
| 2 | | | | | 7 | | | |
| | | | 9 | | | | 7 | 5 |
| | 6 | | 1 | | | 9 | 3 | 8 |
| | | | | 2 | | | | |
| 8 | 4 | 9 | | | 3 | | 5 | |
| 3 | 7 | | | | 6 | | | |
| | | | 7 | | | | | 6 |
| | | 5 | 2 | | | | 4 | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 | 5 | | | 1 | | 9 | |
| | 2 | | | | 7 | | | 4 |
| | | | | 2 | | 8 | 1 | 3 |
| 8 | | | | 3 | 6 | 1 | 2 | |
| | | | 1 | | 9 | | | |
| | 7 | 1 | 2 | 4 | | | | 8 |
| 7 | 8 | | | 5 | | 3 | | |
| 2 | | | 4 | | | 5 | 6 | |
| | 4 | | 6 | | | 2 | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | | 8 | | | 3 | | 4 | 1 |
| | | | 9 | 1 | | | 5 | 6 |
| | | | 4 | | 7 | 8 | 3 | |
| 1 | | | | | 4 | 6 | | |
| 8 | 5 | | 3 | | | | 2 | 7 |
| | | 6 | 2 | | | | | 5 |
| | | 3 | 7 | 6 | 2 | | | |
| 6 | 4 | | | | 5 | | | |
| 7 | 1 | | 8 | | | 3 | | 2 |

## А Н А Г Р А М И Р А Ј Т Е   С А М И

| А | А | З | И | Н | Н | П | Р | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | И | К | Н | Њ | О | У | Ц | Ш |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | А | И | Ј | Л | Н | Н | Џ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Д | И | Л | М | П | Т | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| Б | З | К | О | О | Р | Р | С | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | Д | И | И | Ј | К | С | С | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | В | И | Л | О | С | Т | Ц |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Б | Б | К | О | О | Р | Т |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| Е | Ј | М | О | Р | Р | С | Т | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| А | А | Д | И | И | Ј | Р | Т | Ц |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| В | Д | Е | Е | Е | Њ | О | С | Ч |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| Б | Е | Ж | И | К | Л | Н | С | У |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |







# РЕШЕНИЈА

**СТРАНА 1**

***СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР:*** СТК, ТРОМ, РИНУС, БОРОВО, АЛ, ВАЛИ, РАФА, УН, БАЛАНС, ХОРСТ, ВИКИ, КИТ, АУ, ТЦ, ЕИ, НО, ТН, АА, АКТ, АТЛ, РАРО, СЛОН, ВУКАС, СТАРО, НАУРУ, АКОВИ, О МАРА, ОНАКА, АМЕРИКАНИСТКА, ДЕТОНАТОРИ, АСЕСОР, АТА

**СТРАНА 2**

***ОСУМНАСОЧНИК:*** АРНОЛД ШВАРЦЕНЕГЕР

***СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР:*** РАКАВИЦИ, СТИХ, АМАРО, АДИ, ЕМА, ЛЕРА, ПРОЗА, АТ, ФРАТАР, НОБЕЛ, ШИБЕНИК, БЕТИС, БУКИ, АНА КАРИНА, МАНА, ТРОТИЛ, НУГАТ, АНЕТА, АТА, ЕКИ, СТАВ, ХИРОШИМА, ОНЕРА, ИРИ, ЛЕСИ, ОВЕРАТ, РАНАРИД, КРТ, СВИЛАР, КОЊАНИЦИ, ИРЦИ, АЦЕТИЛЕ, КАЌ

**СТРАНА 3**

***СЛОГОВЕН КРСТОЗБОР:*** ХИМАЛАИ, АРЕАЛИ, ЗА, ЕНИ, РАДИЈАЦИЈА, НАРА, НАОДИ, НАРИТА, ПАУЗА, КАРИЕРА, ТОРПИЛЕРКА, ТРИ, ЖАБРИ, АК, КОМО, КА, ЕМИЛИ, АНТИТЕЛО, КОРАН, НАНА, ТОСКАНИНИ, АТЛАНТА, ЛЕ, РАТА, УМ, ИЛЕ, НЕЦ, СТАДИОНИ, ПОЛИТИЧАР, ПОДИУМ, КОМОРА, КОЛИКА, НАУМ, ПОЛИНЕЗИЈА, ЧАПЈА, ДА, ОРДИНАТА, ОГУЛИНЕЦ

***ГАТАНКА:*** МЕТЛА

***ВОЛШЕБЕН ЛИК:*** ТРАКТОРИ, РАСТОПЕН, ОКТОПОДИ, СТОПАРЕЦ, КОПОРАНИ, КРЕДЕНЕЦ

***АНАГРАМИ:*** МЕРИ ПИРС, СИМЕТРИЈА, ПЛАНЕТА, ДИВЕРЗАНТ, МАНДРАГОРА

**СТРАНА 4**

***СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР:*** ХЕЛА, СКАМЕНЕТОСТ, Л, УЛОГА, ОТОЛИТИ, ТАНА, ЛЕГИТИМАЦИЈА, ТАЛИТ, ИКИНОМАНИЈА, ВЕЛИКИ, ОТРОВЕН, ИАТА, ГЕКОН, ИРИСИ, Д, УП, ЛС, ГА, Е, ОА, СОКАК, Л, АЛИС, ХИПИЈА, ЕСКОНТО, ГОТ, А, СЕТ, ДИМ, АВ, АМ, ИЛИРИЈА, Л, АМЕ, ЈАНИКАРА, ПАЦЕР, АМИКА, АНКОНА, АВЕТИ, С, ДАТЕ, АРГИРА, АТИК, ХИРОМАНТИЈА, АЛИСА, НАЈДРАГ, ОЛАДЕНОСТ, АРА, ИНИД, АНЕМОНА, И, ВА, С, АТЕР, СРЕМ, ЛТД, АКОЛИТАТ, ЈАСТАК, ЕН, РИБАР, ТЕМА, ТИЛБЕРИ, ОРИНОКО, ТРЕВКИ, СОН, НИРОНЕ, ШКЕТО, ИСТРА

**СТРАНА 5**

***СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР:*** ЕЛЕКТРОКАРДИОГРАМ, ОТОРИНОЛАРИНГОЛОЗИ, АКИНО КОРАСОН, АЗИЛ, МАЈАКОВСКИ, АА, ИЈИ, ИТА, ОКНО, НАСКО, АБ, НО, СВОИНИ, СИУКС, А, РАТА, В, СОТОМАЈОР, ТРИЕР, ПОСТЕР, УРЕДИ, О, РАДОЈКО, АТЛИН, ДЛ, ТЕРНАРИ, РАНИНА, АГОСТИНИ, МАТИЧАР, ДЕГУСТАЦИЈА, ТОСАМА, ПУСТЕЛИЈА, ПОРТНЕР, МИНТАНИ, АТАИР, ИКРА, КАИТ, НИ, ИРТИШ, АИТ

**СТРАНА 6**

***СУДОКУ:*** **1)** 432 619 578, 896 457 321, 517 328 946, 975 836 214, 168 294 735, 324 175 689, 649 782 153, 781 563 492, 253 941 867; **2)** 891 625 734, 236 471 598, 457 398 612, 984 562 371, 573 184 269, 162 739 845, 319 856 427, 748 213 956, 625 947 183; **3)** 185 624 973, 936 875 124, 427 931 865, 713 562 498, 259 487 631, 864 319 752, 648 293 517, 391 758 246, 572 146 389; **4)** 564 279 831, 731 684 295, 892 315 476, 146 532 789, 283 769 154, 957 841 623, 429 158 367, 675 423 918, 318 967 542; **5)** 167 245 938, 925 183 746, 843 697 251, 459 318 627, 782 569 314, 631 472 589, 278 931 465, 314 756 892, 596 824 173; **6)** 436 819 275, 291 753 864, 785 426 931, 169 385 742, 842 971 653, 357 264 189, 513 698 427, 978 542 316, 624 137 598; **7)** 497 365 182, 258 417 693, 136 982 475, 762 154 938, 513 829 764, 849 673 251, 371 546 829, 924 738 516, 685 291 347; **8)** 435 861 792, 128 397 654, 967 524 813, 894 736 125, 352 189 476, 671 245 938, 786 952 341, 213 478 569, 549 613 287; **9)** 298 653 741, 437 918 256, 561 427 839, 129 574 683, 854 396 127, 376 281 495, 983 762 514, 642 135 978, 715 849 362.

***АНАГРАМИРАЈТЕ САМИ:*** ЗАПУРНИНА, КОЊУШНИЦА, НАЛАНЏИЈА, АМПЛИТУДА, КРСТОЗБОР, ДИСКУСИЈА, ЛАСТОВИЦА, ОБРАБОТКА, СТРУЈОМЕР, ТРАДИЦИЈА, СВЕДОЧЕЊЕ, СЛУЖБЕНИК

**СТРАНА 7**

***АНАГРАМНИ РАВЕНКИ:*** КОЛЕКЦИЈА, СТЕРЕОТИП, СЕВЕРНИЦА, СКЕЛАРИНА, ПЕРИОДИКА, ИНКУБАТОР, СЛУЖБЕНИК, МИЗАНТРОП, АНЕСТЕТИК, КАНТАВТОР (ЛЕВЕРКУЗЕН)

***МОЗАИК:*** **ХОРИЗОНТАЛНО:** МАРАТОНЕЦ, ПРИМЕРНОСТ, БОРОВЕЦ, ЕНТЕРИЕР, ТРАСА, ПРАВЕЦ, РАКАТКА, ЕКСПЕРИМЕНТ, УЗЕНГИЈА, АСТРОНОМ, РАГБИ, ОЛТАР, КАЛГАРИ, СТРЕС, ЛАКСАТИВ, АРИВИСТ, ПРЕСУДА, ТРЕНЕР, СЕЈМЕН, АПРИОРИ, АРКАДА, ЦИТАДЕЛА; **ВЕРТИКАЛНО:** МОНТЕНЕГРО, СЕПТИМА, РАДАМЕС, ШТУРЧЕ, СОСПА, ТАБАН, ЕЛБРУС, ПРИЈАТЕЛКА, ЦИВКАЊЕ, ТРАКАТАНЕЦ, ПАЦИЕНТ, ОСТАРЕНОСТ, МАНИРИЗАМ, КВАРТА, ИВЕРКА, НОРМА, ГЛАЗГОВ, ИЗБОРИ, ТАРТАРАТИ, ИСТОРИЈА

**СТРАНА 8**

***СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР 1:*** ПАРТАЛАВОСТ, АНКАРА, ТРАП, ПТ, ОХ, ЛО, ДО, КАПРИКОРН, Р, КА, Р, ЈУКАТАН, СЕТЕРИ, АКО, КЕТЕРИНГ, ТС, БАКСТЕР, РА, Т, МАОРИ, ГОНГ, ДЕЛБА, ФАБИЕН, РОЈ, КАНАСТА, А, ЕКСТЕРИЕР

***СКАНДИНАВСКИ КРСТОЗБОР 2:*** МИНИ МАКАРА, Т, Д, КРЛЕЖА, АР, ОД, СЕРЕНАДА, АЛАС, БЕСКРАЈ, МТК, СТАНКА, САРАИ, И, ИТН, Е, АСПЕКТ, АК, ЈУНИОР, РГ, А, АРСЕН, МОАБ, ЛЕТР, ТИШЛЕР, КАВ, ПИОНЕРИ, А, ОЛДСМОБИЛ

Подготвува: ***„PERPETUUM MOBILE“***

Веројатно никогаш не сме виделе такви бројки. Можеби за време на војната, за време на Првата и Втората светска војна.

Доналд Трамп, претседател на САД

Свет

**САД** Морничава порака на претседателот

# Трамп: Ќе има многу мртви




**Предупредување дека следуваат најтешките недели за Соединетите Американски Држави соочени со коронавирусот. САД се на прво место по бројот на заболени од ковид-19. Заразени се повеќе од 300 илјади луѓе, додека најмалку 8.000 починаа**

Американскиот претседател Доналд Трамп изјави дека на САД им следуваат најтешки недели во борбата против коронавирусот, предупредувајќи дека ќе има многу смртни случаи.

– Ќе има многу мртви – рече Трамп во своето дневно обраќање пред новинарите за пандемијата на Ковид-19. Тој сепак во неколку наврати се осврна на потребата САД повторно да се отворат за бизнис.

– Мора повторно да ја отвориме нашата земја. Не сакаме да го правиме ова со месеци, месеци и месеци. Државата не е подготвена за тоа – рече американскиот претседател. Тој исто така додаде дека што е можно побрзо треба да се овозможи и одржување спортски настани и да се отворат ресторантите.

Здравствените експерти во Белата куќа неодамна проценија дека САД би можеле да се соочат со 100.000 до 240.000 смртни случаи од Ковид-19.

– Веројатно никогаш не сме виделе такви бројки. Можеби за време на војната, за време на Првата и Втората светска војна - рече Трамп.

Тој додаде дека 1.000 војници ќе бидат испратени во Њујорк, вклучително и воени лекари и медицински сестри.

Трамп исто така најави дека 29 милиони дози на лекови против маларија ќе бидат ставени во националните резерви за пациентите со коронавирус и истакна дека медицинската и заштитната опрема им се испраќа прво на оние на кои им е најпотребна.

САД се на прво место по бројот на заболени од ковид-19. Заразени се повеќе од 300 илјади луѓе, додека најмалку 8.000 починаа. Во најтешко погодената држава Њујорк има 114.774 заболени и 3.565 починати. Во периодот сабота-недела починале 630 луѓе, што е најсмртоносниот ден во Њујорк од почетокот на епидемијата.

- Сакам ова да заврши. Поминаа само 30 дена од првиот случај, а се чини како да трае цел живот - рекол гувернерот на Њујорк, Ендрју Куомо. Тој навел дека Њујорк ќе добие 1.000 распиратори од Кина.

**Австралија.**

## Лек против вошки можеби е спасот од коронавирусот

Анти-паразитскиот лек Ивермектин, кој се користи против вошки и паразити, го убива коронавирусот во лабораториски услови за 48 часа, покажа студија на австралискиот универзитет Монаш. Иако се покажал како ефектен во лабораториски услови, Ивермектин уште не може да се користи за лекување на пациенти со коронавирус, додека не се спроведе дополнително тестирање и додека не се завршат клиничките студии за да се потврди делотворноста на лекот и да се утврди во колкава доза треба да им се дава на пациентите. Потенцијалното користење на Ивермектин за борба против ковид 19 останува недокажано и зависи од тестирањата пред клиничката студија за да се продолжи со работата.

Доктор Кајли Вагстаф, од Институтот за биомедицина на универзитетот Монаш, која ја водела студијата, вели дека научниците покажале дека Ивермектин го запира ширењето на Сарс Ков 2 вирусот во клеточните култури за 48 часа.

**Ивермектинот е многу широко употребуван и се смета за безбеден лек. Но, треба да утврдиме дали дозата што би им се давала на луѓето ќе биде ефективна**

-Откривме дека дури и еднечна доза може значително да ги отстрани виралните РНА за 48 часа и дека дури и за 24 часа тие навистина значително се намалуваат, изјавила доктор Вагстаф. Таа предупреди дека тестовите спроведени во студијата биле „ин витро" и дека мора да се спроведат тестирања кај луѓе. Ивермектинот е многу широко употребуван и се смета за безбеден лек. Но, треба да утврдиме дали дозата што би им се давала на луѓето ќе биде ефективна. Тоа е следниот чекор.

**Германија.**

## Илјадници лекари заразени

• Според Институтот „Роберт Кох", во Германија со коронавирусот се заразени 2.300 лекари и негуватели, а тој број би можел да биде и поголем.

– Се претпоставува дека не се регистрирани сите случаи, соопшти Институтот како одговор на прашање на „Зидојче цајтунг" - телевизиите НДР и ВДР. Овие податоци ги опфаќаат само вработените во болниците, а не и во лекарските ординации, лабораториите, домовите за стари лица и амбулантите.



**Словенија.**

## Инфектолозите апелираат да не се оди на гости

Лабораториите во Словенија во саботата потврдија 20 нови случаи на лица заразени со коронавирусот, јави дописникот на МИА од Љубљана. Во земјата сега има вкупно 997 случаи на коронавирусот, а направени се речиси 20.000 тестови. На редовната тематска прес-конференција на Владата беше кажано дека во саботата шест луѓе починале како последица на ковид-19. Хоспитализирани се 108 пациенти, од кои 31 се на одделот за интензивна нега.

Инфектолозите сметаат дека причината зошто има уште нови случаи на заразени е поради дружењата што се одвиваат во приватни домови и куќи. Тие уште еднаш ги повикаа граѓаните да не одат на гости и да не примаат гости, бидејќи само со максимална изолација ќе може државата час поскоро да се врати во нормален колосек.

Инфектолозите сметаат дека причина зашто има уште нови случаи на заразени е поради дружењата кои се одвиваат во приватни домови и куќи. Тие уште еднаш ги повикаа граѓаните да одат на гости и да не примаат гости, бидејќи само со максимална изолација ќе може државата час поскоро да се врати во нормален колосек.

**Во целиот свет.**

## Повеќе од 1,2 милиони со ковид-19

• Повеќе од 1,2 милиони луѓе во светот се заразени новиот коронавирус, поточно според податоците на „Ворлдомитерс" се заразени 1.203.143 луѓе. Според сајтот, до денеска епидемијата зафати 206 земји и територии низ светот, починале 64.747 луѓе, а 246.760 се излекувале. Во моментов има 891.636 активни случаи, од кои 95 отсто или 847.541 имаат умерена клиничка слика, а 5 отсто, или 44.095 се во сериозна состојба. Поголемиот дел од заразените се во САД со 311.637 потврдени случаи и 8.454 починати. Италија е земја со најмногу жртви, односно 14.362 починати.

# Гастрономија

Бајките се повеќе од вистинити: не затоа што ни кажуваат дека змејовите постојат, туку затоа што ни кажуваат дека змејовите можат да бидат победени.

**Внимавајте на менталното здравје.**

# Храна што ја зголемува анксиозноста

**Според одредени научни студии, зголеменото ниво на кофеин може комплетно да ви го наруши расположението, па дури и да ве доведе во состојба на анксиозност.**

Современиот човек постојано е изложен на стрес поради здравствени, социјални или од економски причини. Сепак, според нутриционистите, постои и храна што дополнително може да ја влоши состојбата на анксиозност, да го зголеми чувството на депресија и да предизвика негативни мисли.

Имено, според експертите за храна, одредени намирници доколку се јадат во исклучително големи количини, можат да му направат огромна штета на вашето ментално здравје, па затоа колку што можете, обидете се да ги избегнувате.

### Торти и колачиња

Едни од најопасните за јадење се тортите и колачињата што во својот состав содржат поголеми количества шеќер и кои можат да бидат главни „засилувачи“ на анксиозната состојба во која се наоѓате. Од јадењето блага храна, можат да се исклучат само чоколадите, кои во својот состав содржат над 70 отсто какао. Со јадење чоколади од ваков тип, но се разбира во мали количини, нема да си направите штета ниту по физичкото ниту по вашето ментално здравје, благодарение на какаото што го содржат, а кое важи за исклучително здраво.

Големите количества внесен шеќер, можат да го покачат и шеќерот во крвта и ќе почувствувате како вашата енергија се губи, а многу големи се шансите и да добиете напад на паника. Тоа се должи на фактот што на организмот му е потребно многу поголема енергија не само за да го преработи шеќерот што сте го внеле во исхраната туку и да ги „преработи“ сите додадени адитиви.

За да не се доведете во таква ситуација, нутриционистите предлагаат секогаш кога ќе ви се пријаде благо, да јадете храна во чиј состав има здрави јаглехидрати и да посветите внимание на вашиот појадок, кој пак треба да изобилува со белковини, кои ќе ја имаат моќта да ја одржуваат енергијата на телото во текот на целиот ден.



### Антиоксиданси

Една неодамнешна студија, потврди дека доколку во телото има малку антиоксиданти, тоа би можело да виде голема причина за појава на анксиозност. Затоа, немојте да дозволите да ви се случи тоа. Секогаш при рака имајте овошје во чиј состав се концентрирани поголеми количества антиоксиданти, какви што се, на пример, боровинките, рибизлите, малинките, капините...

### Кофеин

Оваа информација можеби ќе ги разочара љубителите на добрата голтка кафе, но според одредени научни студии, зголеменото ниво на кофеин, кој првично е концентриран во кафето, може комплетно да ви го наруши расположението, па дури и да ве доведе во состојба на анксиозност. Затоа, доколку сте љубител на кафе, никако не заборавајте веднаш, по секоја испиена шолја кафе, да се напиете најмалку 250 милилитри вода.

### Омега-3 масни киселини

Според многумина, користењето на омега-3 масните киселини, можат многу да помогнат во намалувањето на анксиозноста и на депресијата, бидејќи откако ќе се внесат во организмот, тие можат многу брзо да стигнат до мозокот. Токму затоа треба често да јадете медитеранска храна. Токму овој вид исхрана, во својот состав содржи поголеми количества омега-3 масни киселини, па ја прави за исклучително добра. Во ваквиот вид исхрана се вклучени јаткастите плодови, семките и рибите.

### Витамини од групата Б

Општопознато е дека витамините од група Б се тесно поврзани со зачувувањето на менталното здравје. Доколку имате недостиг од витаминот Б6, вие ќе се чувствувате раздразливо, ќе имате несоница и ќе се чувствувате депресивно. Доколку ви недостига витамин Б5, може да ви се покачи крвниот притисок и да чувствувате силна главоболка, што ќе биде причина за расипување на расположението. Доколку не сакате да пиете таблети со витамини, јадете постојано цитрусни плодови како и жита и зелен и лиснат зеленчук.



**Обидете се.**

# Одгледајте си храна во пластични чаши



• Додека седите дома и се обидувате да смислите начини како побрзо да ви помине времето, бидејќи сега не е препорачливо да се излегува надвор, обидете се да бидете креативни и да изнајдете начин како самите да си одгледате храна.

Имено, сите дома имаат многу пластични чаши, па токму нив можете да ги искористите за да одгледате храна, која ќе биде органски израсната и нема да ја третирате хемиски. На тој начин, ќе заштедите пари, ќе јадете здрави плодови, а истовремено ќе започнете ново хоби. Доколку сте упорни ќе имате своја мала бавча, која ќе ја чувате во кујната, ќе ја ставите на тераса или, пак, кога ќе потпорасне, ќе ја пресадите во двор.

Потребни ќе ви бидат пластични чаши или можете да исечете неколку пластични шишиња на половина. Направете им дупчиња во долниот дел и наполнете ги со земја. Во нив можете да засадите јагоди, зачински растенија, па дури и лук и кромид.

Сè што треба да направите е пред да ја изедете јагодата, да ѝ ги извадите семките што се наоѓаат на површината. Постојат околу 200 мали семчиња во една јагода, што би значело 200 нови потенцијални садници. За да добиете млад лук или кромид, доволно е во секоја чаша да ставите по една главица од кромидот или лукот што го имате дома. Доколку ги поставите на светлина и редовно ги полевате, за околу 20 дена ќе јадете свеж кромид и лук од вашата импровизирана градина, а кога станува збор за јагодите, за нив ќе ви треба малку подолго време.

**Рецепти.**



## Сочно пилешко

**СОСТОЈКИ:**

- 1 килограм бело пилешко месо
- 500 милилитри млеко
- 3 чешниња ситно исечкан лук
- 3 лажици пченкарно брашно
- 3 лажици кафеав шеќер
- 3 лажици соја сос
- лимонов сок
- сол, црн бибер
- масло за јадење

**ПОДГОТОВКА:**

Пилешкото месо убаво измијте го, а потоа исечкајте го на долги парчиња. Добиените парчиња месо, прелијте ги со млеко и оставете го да отстојат во фрижидер, околу 24 часа. Откако ќе помине потребното време, извадете го пилешкото месо од млекото и оставете го да се исуши. Во подлабок сад, ставете ги зачините, лимоновиот сок, сојасосот, шеќерот како и ситно исечканиот лук, измешајте, а потоа во смесата мацкајте ги едно по едно парчињата пилешко месо. На крај, месото извалкајте го во пченкарното брашно. Вака подготвеното месо, пржете го во поголемо количество на масло за јадење се додека не ја добие посакуваната боја и тоа од двете страни. Испрженото пилешко месо, ставете го на хартија да се исцеди, а потоа послужете го.

## Благ леб со компир

**СОСТОЈКИ:**

- 500 грама брашно
- 1 варен компир со средна големина (испасиран)
- 1 коцка сув квасец
- 100 грама шеќер
- 1 ванилин шеќер
- 1 жолчка од јајце
- 200 милилитри млеко
- 100 милилитри масло за јадење
- 50 грама какао
- 20 грама цимет

**ПОДГОТОВКА:**

Во подлабок сад ставете го брашното и во него додајте го шеќерот и малку сол. Ставете го млекото да се загрева и додајте го во брашното па додадете го квасецот, а потоа една по една додајте ги и другите состојки. Измесете тесто што треба да биде речиси меко. Вратете го тестото во садот и покријте го со кујнска крпа. Оставете го да стасува околу еден час. Вклучете ја рерната на 180 степени и оставете ја да се загрее. Добиеното тесто, откако ќе стаса, поделете го на два еднакви дела, а од нив формирајте две помали лепчиња. Лепчињата ставете ги во тава за печење и оставете ги повторно да искиснат околу 30 минути. Вака подготвените лепчиња, печете ги околу 30 минути.



Денес е денот кога треба да им простиш на сите, не бидејќи заслужуваат, бидејќи ти заслужуваш!



**Помогнете си со овие совети.**

# Крвниот притисок ви е покачен, а не можете да одите на лекар?

Најчесто хипертензијата се открива случајно, а кај мал број пациенти се јавува главоболка и ретко чувство на притисок во градниот кош.



Зголемениот артериски притисок или артериска хипертензија е хронична незаразна болест која зафаќа голем процент на возрасната популација, затоа, тоа е нешто со кое треба да научите да живеете и да спроведувате самоконтрола на болеста.

Ненадејниот скок на артерискиот притисок е чест проблем со кој пациентите се соочуваат, тој најчесто е последица на рефлекси кои настануваат во автономниот нервен систем, а се поттикнати од психичката напнатост, стресот, ненадејниот физички напор, велат кардиолозите. Најчесто болеста се открива случајно, а кај мал број пациенти се јавува главоболка и ретко чувство на притисок во градниот кош.

Освен што во моментот сите сме под стрес поради пандемијата на корановирусот, сегашните промени први ќе ги почувствуваат пациентите кои боледуваат од хронични болести, а особено пациентите со зголемен притисок, дијабетес, зголемени маснотии во крвта, како и со исхемиски болести на срцето.



Пред сè, кардиолозите советуваат дека поради превенција на кардиоваскуларните болести, неделно минимум 150 минути посветете на аеробно вежбање со умерен интензитет, веднаш престанете да пушите и намалете ја телесната тежина. Намалете го внесот на заситени масти, зашеќерени пијалаци и сол, а зголемете го внесот на намирници кои содржат влакна, овошје и зеленчук, како и риба.

**Освен што во моментот сите сме под стрес поради пандемијата на корановирусот, сегашните промени први ќе ги почувствуваат пациентите кои боледуваат од хронични болести, а особено пациентите со зголемен притисок, дијабетес, зголемени маснотии во крвта, како и со исхемиски болести на срцето.**

### Како да си помогнете кога не можете да одите на лекар?

Имајќи предвид дека на зголемувањето на притисокот влијаат нашите емоционални и психички состојби, не треба веднаш да посегнете по таблета, туку обидете се да се смирите, а дури потоа измерете го притисокот. Кога разговарате со лекарот, треба да се распрашате за сите главни нуспојави на лекот и да ги избегнувате оние кои би можеле да ги влошат веќе постоечките симптоми, но дефинитивно треба правилно да го лекувате високиот притисок.

### Намалете го внесот на сол, избегнувајте досолување на јадењето пред да го пробате

Важно е да се нагласи дека она што го сметаме секојдневно за солена храна, за личност со висок крвен притисок, тоа е пресолена храна. Не чувајте го соларникот на маса, бидејќи така ќе го избегнете досолувањето на храната. Избегнувајте преработена храна (сувомесни производи, конзервирана храна) и други слични производи, бидејќи 80 отсто од вкупниот внес на сол потектнува токму од овие производи. Подгответе храна со помалку сол (до 2,4 грама сол на ден) или користете зачини наместо сол. Со намалување на внесот на сол за 2-3 грама, за една година систолниот притисок може да се намали за 3-8 ммХг, а дијастолниот притисок за 2-3 ммХг.

### Престанете да пушите

Веќе една испушена цигара предизвикува стегање на крвните садови и пораст на крвниот притисок, а со присуство на другите ризични фактори, се зголемува опасноста од срцев и мозочен удар

### Одржувајте пожелна, односно намалете ја прекумерната телесна тежина

Се препорачува постепено слабеење, бидејќи веќе губењето на телесната тежина од 4-5 кг ги намалува вредностите на крвниот притисок, а ослабнувањето 10 кг може да го намали притисокот за 5-10 ммХг.

### Редовно телесна активност, најмалку 30 минути на ден

Секој од нас треба да го прилагоди интензитетот на физичката активност според здравствената и физичката способност на организмот (консултирајте се со вашиот лекар). Тоа може да биде брзо одење, лесно трчање, возење велосипед, пливање итн. Умерената физичка активност 3-4 пати неделно го намалува крвниот притисок за 5-10 ммХг, ја одржува посакуваната телесна тежина и е добар начин за ослободување од стресот.

### Заменете ги лошите навики во исхраната со здравите

Јадете овошје и зеленчук (до 5 оброци на ден), житарки, безмасна храна, риба до 3 пати неделно (особено сина риба), користете маслиново, сончогледово или масло од соја, предност дадете на белото месо (пилешко или мисиркино без кожа), избегнувајте храна богата со заситени масни киселини и јаглехидрати. Правилната исхрана го намалува крвниот притисок 8-14 ммХг.

### Намалете го внесот на алкохол

Зголемувањето на крвниот притисок се забележува над 2 пијалаци на ден, при што како еден пијалак се смета со 3,6 дл 5 отсто пиво или 1,5 дл 12 отсто вино или 0,3 дл 40 отсто жесток алкохолен пијалак. Затоа, се препорачува помалку од 2 пијалаци на ден за мажи, односно помалку од еден пијалак за жени.

### Избегнувајте стресни ситуации

Научете различни техники на опуштање.

### Контролирајте го крвниот притисок

Мерете го одвреме-навреме крвниот притисок, а лицата под ризик и почесто.

# Честата очна болест ран знак за зараза со коронавирус



• Американското здружение на офталмолози ги предупреди своите членови да бидат свесни дека конјунктивитис, познат и како „црвено око“, може да укаже на ран знак на зараза со коронавирус кај некои пациенти.

Затоа здружението им препорачало на колегите да се заштитат себеси при прегледувањето на пациентите со воспаление на очната спојница, а ако попатно имаат температура и респираторни проблеми.

Притоа офталмолозите се повикуваат на две кинески студии спроведени на пациенти хоспитализирани поради коронавирусот. Во првата студија, вирални от конјунктивитис бил пронајден во просек на секој триесетти пациент, а во втората на секој дваесетти.

Неодамна, француските, британските и американските оториноларингологзи предупредија дека симптом може да биде и аносмија - губење на мирисот. Во Германија, ова беше утврдено во просек кај дури два од три пациенти. Во Јужна Кореја, каде што тестирањето беше најзастапено, овој симптом бил утврден кај 30 отсто пациенти.

Постојат три главни симптоми на зараза со коронавирусот – зголемена температура, сува кашлица и губење на здивот. Спротивно од симптомите на грип што настапуваат нагло, симптомите на ковид-19 во рана фаза се развиваат со денови.

Некои лекари меѓу ретките рани симптоми откриле и болка во грлото и гастроинтестинални проблеми.

# Забава

## Занимливости.

### Американка родила четири девојчиња, зачнати по природен пат

• Тејлор Бечер и Ленс Томсон од Минесота станаа родители на четирите девојчиња Сојер, Кенеди, Лекли и Аурора, и тоа во областа каде што според лекарите, токму сега се случувва врвот на пандемијата на коронавирусот.

Тејлор своите девојчиња ги родила на 11 март, токму во периодот кога во Америка почна да се шири ковид-19. Тогаш родилиштата започнале целосно да се затвораат за посетители, а добро познатата американска практика и таткото да присуствува на самиот чин на породување, станала невозможна и строго забранета.

Инаку, овој брачен пар веќе го има двегодишниот син Линден, кој сè уште не ги видел своите четири сестри, кои до денеска сè уште се во инкубатор, бидејќи биле родени пред терминот и не можат самостојно да дишат.

Сепак, според родителите, нивните ќерки нормално се развиваат.

Овој пар пред само неколку месеци од гинекологот што ја водел бременоста на Тејлор, слушнале дека таа носи четворка, иако претходно неколкупати им било кажано дека станува збор за тројка.

Инаку, бебињата се зачнати по природен пат и сите се еднојајчени.






### Орангутанката Сандра видела како луѓето ги мијат рацете, па почнала и таа

• Една од најважните препораки за заштита од ковид-19 е темелното и често миење на рацете со сапун барем 20 секунди. Меѓутоа, ако ви е потребна подобра демонстрација за тоа, Центарот за големи мајмуни од Флорида има соодветно видео.

Снимката од орангутанката Сандра стана вистински хит на социјалните мрежи бидејќи таа се научила да ги мие раце.

Сандра била снимена како ги мие рацете, а од центарот велат дека орангутанката ги видела своите негуватели како го прават тоа, па започнала и таа.

„Дефинитивно ги триеше рацете подолго од 20 секунди, одлично завршена работа, Сандра“, напишале од центарот покрај симпатичното видео.

Снимката стана хит на социјалните мрежи, а мнозинството ѝ заблагодаруваат на Сандра за примерот што им го дава на луѓето што не ја практикуваат оваа најважна заштитна мерка - редовно и темелно миење на рацете.

Во јануари орангутанката го прославила својот 34-ти роденден, а негувателите по тој повод ѝ приредиле забава.



## ВИЦОВИ



**МОЛЕРИ**

Убава млада жена лежи на болнички кревет и чека да ја оперираат. Доаѓа човек во бел мантил, го крева чаршафот, ја одмерува голата жена од горе до долу и се тргнува настрана да се консултира со уште двајца во бели мантили. Доаѓа вториот и тој ја прегледува жената. На крајот доаѓа третиот и откако ја прегледува, жената веќе нетрпелива го прашува:

- А, бе, докторе, добро е што ме прегледувате, ама кога ќе почнете со операција?

- Не знам јас тоа, ние сме молери.

**БУНДА**

Маж и жена преваранти измамници продавале облека на тезга. Им пришол човек и за миг им ја украл бундата која била на продажба.

Мажот извикал:

- Женооо, ни отиде бундата!

- По која цена?

- По набавна!

**РУСОКОСА И ПОЛИЦАЕЦ**

Некој полицаец стопирал русокоса:

- Дајте ми возачка.

- Немам.

- Тогаш дајте ми лична карта.

- Немам ни тоа.

- Добро, тогаш дајте ми нешто со што ќе можам да ве идентификувам.

Русокосата ја зема чантата и му вади огледало.

Полицаецот се огледува во огледалото и вели:

- Па, што не кажеш дека си ми колега бре.

**ФОТОГРАФИЈА**

Оди човек кај својот адвокат и овој му вели:

- Слушај, имам лоша и ептен лоша вест.

- Кажи ја лошата прво.

- Жена ти дошла до фотографија вредна 5.000 евра.

- И тоа е лошо!? Која е ептен лошата?

- На фотографијата си ти со секретарката.

**ПАМЕТНО МОМЧЕ**

Момчето оди кај таткото на девојката за да ја побара за жена.

- Господине, сакам да се оженам со вашата ќерка.

- Нема шанси, млад господине. Па ти немаш ни скршена пара.

- Вистина, пари немам, но многу сум паметен.|

- И дека си паметен не ти верувам.

- Зошто?

- Затоа што сакаш да се ожениш со ќерка ми.

## Деновиве пред години.





**1667.** Во земјотрес загинале три четвртини од населението на Дубровник, а поголемиот дел од градот бил уништен. По оваа трагедија Дубровник никогаш повеќе не успеал да ја врати старата слава бидејќи обемот на трговските работи што градот тогаш ги имал, никогаш не бил остварен.

**1896.** Во Атина почнале првите модерни Олимписки игри, кои ги организирал Французинот Пјер де Кубертен, претседател на Меѓународниот олимписки комитет од 1896 до 1925 година. На игрите што завршиле на 14 април, учествувале 484 натпреварувачи.

**1946.** Роден е Иван Беќарев, српски филмски и театарски актер од македонско потекло. Првата филмска улога Беќарев ја остварил во 1967 година, во филмот „Боксерите одат во рајот“. Големата актерска популарност ја стекнал со телевизиската серија „Бањица“ во 1984 година и преку ликот на Стевица Курчубиќ од телевизиската серија „Подобар живот“ (1987-1990). Остварил и низа театарски улоги во драмски дела од најпознати светски автори.

**2005.** На 81-годишна возраст починал принцот од Монако, Рение Трети. Тој владеел со Монако од 1949 година и бил европски лидер што најдолго останал на престолот. Негов наследник е принцот Алберт. Рение Трети беше оженет со холивудската дива Грејс Кели.

## Избор од ТВ-програмата



**22:00** СИТЕЛ
**Истанбулската невеста**
играна серија



**23:15** ТЕЛМА
**Како да се биде соло**
филм



**21:10** 24 ВЕСТИ
**Женски рај**
играна серија

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

| | |
|---|---|
| 09:10 | ТВ училница |
| 12:45 | Си било еднаш |
| 13:25 | Моето дете |
| 15:20 | Неоткриени пејзажи |
| 17:45 | Научен спектар |
| 18:30 | Дајте музика |
| 18:55 | Бушава азбука |
| 20:15 | Преспав |
| 22:05 | Мост – серија |

### ТЕЛМА
вести 12:30 15:30 18:30

| | |
|---|---|
| 07:55 | 90 минути |
| 10:50 | Еуро фокус |
| 12:45 | Телма Амбуланта |
| 16:15 | Црвена линија |
| 17:30 | Велвет – серија |
| 19:15 | Топ Тема |
| 20:35 | Топло – ладно – серија |
| 22:15 | Бесрамници – серија |
| 23:15 | Како да се биде соло – филм |

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06:55 | Здраво Македонијо |
| 10:00 | Визита - премиера |
| 11:10 | Ние и вие |
| 12:00 | Македонски приказни |
| 18:40 | Само вистина! |
| 19:40 | Тажна жена – серија |
| 20:30 | Вести - Корона во Македонија |
| 21:30 | Забрането јаболко – серија |
| 00:30 | Бекстејџ |

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

| | |
|---|---|
| 07:00 | Македонија денес |
| 10:15 | Фактор здравје |
| 11:00 | Во тек |
| 16:00 | Очи в очи |
| 17:45 | 24 анализа – Отворено студио |
| 20:45 | Столици – квиз |
| 21:10 | Женски рај – серија |
| 22:45 | Патот до успехот |
| 23:20 | 24 анализа - Отворено студио |

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 06.45 | Ја сакам Македонија |
| 10.00 | Дива земја – серија |
| 12.10 | Практична жена |
| 17.00 | Брза кујна |
| 17.50 | Се или нешто - квиз |
| 19.45 | Близнаци – серија |
| 21.00 | Сестри – серија |
| 22.00 | Истанбулската невеста – серија |
| 23.35 | Полицајци почетници – серија |

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

| | |
|---|---|
| 08:00 | Нов ден |
| 11:15 | Со стил |
| 16:40 | Попладне |
| 17:25 | Бескрајна лубов - серија |
| 17:50 | Прости ми – серија |
| 19:45 | Држиме за рака - серија |
| 20:45 | Мојата керќичка - серија |
| 22:00 | 360 степени - со Васко Попетревски |

### HBO



**2 ПИШТОЛА 21:05**

| | |
|---|---|
| 06:00 | Кратки филмови од Дизни |
| 06:30 | Национално богатство |
| 09:00 | Младиот Шелдон III |
| 09:25 | Аладин |
| 10:55 | Фантастични сверки и каде да се најдат |
| 13:10 | Дора истражува - Изгубениот град |
| 14:55 | Аладин |
| 17:00 | Кралот Лав |
| 19:00 | Раскажи ми приказна II |
| 20:00 | Вестворлд III |
| 21:05 | 2 пиштола |
| 22:50 | Снеч |
| 00:30 | Ферел излегува на теренот |

### HBO 2



**Ноќ за игри 23:25**

| | |
|---|---|
| 06:00 | Враќањето на кучето |
| 07:35 | Спасители |
| 09:30 | Тим А |
| 11:45 | Во потрага по Аљаска |
| 12:35 | Потпретседателка |
| 13:05 | Фантастични сверки |
| 15:30 | Празен град |
| 17:35 | Мистериите на Хејли Дин |
| 19:00 | Пристаништето II |
| 19:45 | Боемска рапсодија |
| 22:00 | Што правиме во сенките |
| 22:30 | Тајните програмери |
| 23:25 | Ноќ за игри |
| 01:05 | Евтини приказни |
| 03:40 | Чарлиевите ангели 2 |

### ДОРА ИСТРАЖУВА ИЗГУБЕНИОТ ГРАД




Иако го поминала скоро целиот живот истражувајќи ја џунглата со родителите, ништо не може да ја подготви Дора (Изабела Монер) за нејзиниот најголем предизвик – средното школо. Кога нејзините родители мистериозно исчезнуваат додека го бараат изгубениот златен град, Дора мора да се фрли во акција и да води група неспособни средношколци на дива мисија за да ги спаси своите родители. Следува бурна мисија кога Дора и нејзините нови пријатели се справуваат со џунглата, ги надитруваат ловците на богатство и решаваат стари загатки за да ја отклучат мистеријата на легендарниот град. Викнете ги пријателите и семејството и приклучете ѝ се на Дора во оваа забавна авантура!




### БОЕМСКА РАПСОДИЈА

„Боемска рапсодија“ ги слави групата „Квин“, нејзината музика и нејзиниот неверојатен пејач Фреди Меркјури. Фреди им пркосеше на стереотипите и конвенциите за да стане еден од најомилените изведувачи на планетата. Филмот го следи подемот на групата преку нивните познати песни и револуционерниот звук. Тие постигнаа невиден успех, но сосема неочекувано Фреди, поради некои помрачни влијанија, одлучи да ја напушти групата и да започне соло кариера. Поради лошото искуство без бендот, Фреди повторно се соединува со неговите членови, токму навреме за „Лајв Ејд“. Додека храбро се соочуваше со тешката болест, Фреди го предводеше бендот на еден од најдобрите настапи во историјата на рок-музиката. „Квин“ создаде наследство што продолжува да ги инспирира љубителите на музиката до денешен ден.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.

• Може да очекувате позитивен ден кој ви носи добри вести од областа на деловната активност. Ако сте во приватен бизнис, може да очекувате подобра состојба во наредниот период. Растојанието помеѓу вас и вашата сакана личност може да потрае некое време. Можна е поголема криза. Саканата личност е малку неискрена кон вас.

**Бик**
21.4 - 20.5.

• Денешниот ден ќе ви пружи одлична демонстрација на мудрите изреки – луѓето многу брзо заборавaат се лошо што им се случило и ги памтат само периодите на среќа. Ќе бидете преполни со енергија, а прашање е што ќе направите со неа денес. Постојат разни начини да ја искористите, бидејќи многу работи ве интересираат. Пронајдете што е тоа и правилно насочете го.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.

• Вашата иницијатива ќе даде позитивен резултат. Добро ќе се соочувате со пречките и лесно ќе ги надминете. Можно е да добиете добри вести, останете позитивни. За оние кои работат, покажете поголема прецизност – вашата темелност и труд ќе се цени. На љубовно поле имате идеи како да ги подобрите односите или да започнете нешто ново.

**Рак**
22.6 - 22.7.

• Сите околу вас ќе ви изгледаат како да се претерано зафатени, но вашата смиреност нема да дозволи да ви се наруши мирот и редот. Ќе уживате во она што ви причинува задоволство. За оние кои работат, подобро е да одолеете на потребата да се доверите на некои колеги. Љубовната реалност е далеку од вас, бидејќи сте препуштени на фантазијата. Балансирајте, не одете во крајности.

**Лав**
23.7 - 23.8.

• Денес би можело да биде еден од оние денови кога ќе сфатите каде и што е вашата судбина. Многу веројатно е дека наскоро ќе го промените својот живот и ќе ги поставите темелите сосема поинаку од во моментот. Тоа не се однесува само на вашиот професионален живот туку на комплетниот – местото на живеење, љубовната врска и децата.

**Девица**
24.8 - 23.9.

• По неколку денови на комплетна апатија, денес очекувајте налет на енергија. Секој кој се обидува да ве задржи нека внимава, бидејќи нема да бидете расположени да ги толерирате забелешките, ниту да бидете воздржани. Ова ќе биде одлична можност да ја засилите својата репутација како одличен тренер или капитен на тимот!

**Вага**
24.9 - 23.10.

• Можеби не можете да патувате заедно со партнерот, но зарем некој ве спречува да ја планирате вашата следна авантура? Многу парови во овој период ќе експериментираат во спалната соба и ќе си ја зголемуваат страста. Соло сте? Можно е да започнете да флертувате онлајн со личност од друга држава или култура. Љубовта нема да познава граници за вас.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.

• Ако сте планирале да соработувате со некој кој веќе ви помогнал во деловната област, ќе бидете задоволни. Но, и доколку сте ја вложиле енергијата во некој самостоен проект, ова би можело да биде одличен ден за вас. Очекувајте успеси. Ако сте слободни, ќе имате нови интересни понуди за љубов денес. Што се однесува до здравјето, можна е вртоглавица.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.

• Денешниот ден ќе биде преполн со случувања. Голема е веројатноста дека ќе се почувствувате конечно подготвени да се фатите во костец со нешто што ве мачи – без разлика дали се детали околу проектот на кој работите или проблем околу домаќинството. Нема да застанете додека тоа не го решите и никој нема да успее да ве попречува во тоа.

**Јарец**
22.12 - 20.1.

• Денес потрудете се малку повеќе околу она до што многу ви значи. Ќе мора да се докажете себе и немојте да ја штедите својата енергија за да успеете во тоа.. Целата таа енергија ќе ве исцрпи па потрудете се на крајот на денот добро да се одморите. Викенд е, можете да правите сè што ќе посакате со вашиот партнер меѓу четирите ѕида.

**Водолија**
21.1 - 18.2.

• Денес ве очекува напорен ден. Немојте да закажувате и да си додавате себеси нови обврски. Семејството смета на вас денес. Всушност, ќе се растрчате на повеќе страни, но потрудете се да оставите малку енергија и за себе. Доколку им се предадете на нив целосно, нервите ќе ви бидат на граница. Прво направете план, за полесно да ги извршите обврските.

**Риби**
20.2 - 20.3.

• Семејството на прво место! Денес ќе го насочите целото внимание кон вашите најмили. Дури и да не постоеше социјалната изолација, вие ќе бевте со нив постојано во претстојните четири месеци. Започнува прекрасен период за вас и сопругот ако сте во брак. Соло сте? Мора да внимавате на вашата душа ранлива. Не пуштајте секого во вашето срце.

# Спорт

Одлуката на ЕХФ да се игра во јуни е малку глупава. Ние зборуваме за професионален спорт, во кој се највисоки барањата. Како би успеале да бидеме на ниво, ако по два месеца лежење дома, треба веднаш да играме?

**Сергеј Горбок, ракометар на Вардар**

**Ракомет** На левиот бек не му е сеедно што се случува со шампионот

## Горбок загрижен за иднината на Вардар

Русинот Сергеј Горбок, еден од најискусните ракометари во составот на европскиот шампион Вардар, во изјава за руското ракометно гласило „Брз центар“ објави дека е уплашен за иднината на нашиот најтрофеен ракометен клуб повеќе отколку за долговите.

Платите доцнат многу, тоа е одамна познато. Најавено е заминување на Сергеј Самсоненко по крајот на оваа сезона. Левиот бек Горбок (37) вели дека му верува на сопственикот Самсоненко дека ракометарите ќе ги добијат платите, загрижен е за иднината на Вардар.

- Долго време чекаме на решавање на проблемите и подготвени сме уште да чекаме, зашто ја сфаќаме комплексноста на ситуацијата. На крајот ние му веруваме на Сергеј Самсоненко дека сè ќе биде решено и завршено. Но, многу повеќе од долговите, загрижени сме за иднината на Вардар, како ќе изгледа во следниот период. Ќе биде трагично да се загуби сето тоа што се градеше со години. Ветено ни е дека ќе се решат проблемите со долговите до мај, но сето тоа останува во магла. Досегашниот дел од сезоната беше тежок - вели Горбок.

Тој опишува како изгледа сега животот на ракометарите на Вардар во кризата со коронавирусот.

- Живееме блиску еден до друг. Порано имаше можност за заедничка дружба, но сега зборуваме преку балконите. Контактите се минимизирани, да не ги доведеме нашите семејства во опасност. Колку повеќе ги почитуваме препораките, толку побрзо ќе исчезне вирусот. Се допишуваме секојдневно во група. Клупските проблеми не се решени, само сега се во втор план. Најважно е здравјето – Вели Сергеј, кој со прекини игра за Вардар од 2014 година. Тој е скептик како ќе изгледа продолжувањето на сезонава ако дојде до тоа.

- Одлуката на ЕХФ да се игра во јуни е малку глупава. Ние зборуваме за професионален спорт, во кој се највисоки барањата – и наши, а и на гледачите и спонзорите. Како би успеале да бидеме на ниво, ако по два месеца лежење дома, треба веднаш да играме? Дури и по еден и пол месец активен одмор, за да фатиме некаква форма, нам ни треба еден месец подготовки. Ако се почне веднаш да се игра, тоа нема врска со професионален спорт, тоа би било надвор од сите стандарди – вели рускиот репрезентативец Горбок.




**Агенција за млади и спорт.**

## Ќе се исплаќаат по 14.500 денари за април и мај

Владата донесе уредба со која се утврдува исплаќање на финансиска поддршка од Буџетот во износ од 14.500 денари за спортистите, стручните лица и спортската администрација за април и мај годинава. Исплатата ќе се врши врз основа на статус на вработено или ангажирано по договор лице во клубови и национални спортски федерации кои имаат решенија за вршење дејност спорт. Со неа ќе бидат опфатени сите лица кои со било каков договор се ангажирани во федерациите и во клубовите, информира директорот на Агенцијата за млади и спорт Дарко Каевски.

Помош за април и мај во износ од по 14.500 денари од АМС ќе добијат сите клубови кои имаат регистрирано минимум 40 млади спортисти до 18 години во индивидуалните спортови, односно имаат регистрирано минимум 80 млади спортисти до 18 години во екипните спортови.

АМС ќе обезбеди финансиски средства за реализација на националниот спортски систем на сите национални спортски федерации по завршувањето на кризата до крајот на 2020 година. По завршувањето на пандемијата АМС покрај редовната поддршка ќе ги финансира програмите на индивидуалните врвни спортисти на олимписките спортови, односно тренажниот и натпреварувачкиот процес за 2020 година, рече Каевски.

АМС ќе поднесе предлог до Владата за 50-процентно намалување на цените на услугите за спортските објекти што се во надлежност на институциите, како и препорака за истиот принцип на функционирање до општините и локалната самоуправа.

Прашан дали се уште ќе важи ваучер системот, Каевски посочи дека продолжува да важи и додаде дека ваучерите и понатаму ќе бидат вистински проект кој вистински ќе ги сервисира потребите на спортските клубови и федерациите.

**Фудбал.**



## Пријовиќ ќе остане без 20 милиони евра?

• Александар Пријовиќ, кој досега ги бранеше боите на фудбалскиот клуб од Саудиска Арабија, Ал-Итихад, како што беше првично објавено, бил уапсен пијан во бар во белградски хотел.

Полицијата го привела бидејќи не се почитувале одлуките на српската Влада за задолжителен карантин по 17 часот. Подоцна беше откриено дека не е уапсен поради кршење на полицискиот час, како што изјави директорот на српската полиција, Владимир Ребиќ.

Во јануари 2019 година од грчкиот ПАОК, Пријовиќ се пресели во Ал-Итихад за 10 милиони евра и според договорот со Саудијците, во четири и пол години има заработка од 5,5 милиони евра по сезона.

Како што пренесуваат српските медиуми, Ал-Итихад сега оваа ситуација би можел да ја искористи како причина за прекин на соработката, па Пријовиќ би можел да остане без очекуваните 16,5 милиони евра во наредните три сезони и додатни 2,75 за втората половина од овој шампионат, а тоа е вкупно 19,25 милиони.

**Тенис.**

## Зверев играл со коронавирус во Австралија?

• Една од ѕвездите на светскиот машки тенис, Германецот Александар Зверев, можеби бил заразен со коронавирус. Во вклучување во живо на Инстаграм при разговор со актерот и телевизиски презентер Оливер Похер, Зверев откри дека тој можеби страдал од оваа болест кон крајот на декември во Кина. Ако е така, тоа го наметнува прашањето дали тој бил носител на вирусот за време на Австралија опен, каде што стигна до полуфиналето.

– Имав кашлица еден месец, но никој не знаеше за вирусот. Кашлав 5-6 часа навечер и два дена имав треска – рече Зверев (22), кој беше во Кина за добротворен натпревар со Роџер Федерер на крајот на декември. Таму тој беше придружуван од неговата девојка Бренда Патеа, за која се вели дека имала слични симптоми.

Зверев ја започна годината многу слабо и неговиот настап на АТП-купот во Австралија беше разочарувачки. Откако пристигна во Мелбурн за Австралија опен, Германецот веќе се чувствуваше подобро.

– Не сакам да кажам сега дека сум имал коронавирус и сум стигнал до полуфиналето на Австралија опен, тоа би било сензационално - рече Зверев, кој исто така го запиша својот најдобар резултат на грен-слем турнирите досега.



Ова е место за вашите
**мали огласи**

купи,
продај,
барај,
најди...



По цена од само
**240 денари**
неделно

Информации на телефон
**389 02 55 11 763**

• **БАРАМ** поефтина куќа / викендица со миниумум 1000м² двор / земја во Скопско со имотен лист, струја, вода и канализација. ✆ **077/427-150**

• **СЕ ПРОДАВА** нива с.Стајковци 1000 м², 500 м од центарот на селото од десна страна 2 ред. Цена 20 евра квадрат. ✆ **070/206-997**

• **КУПУВАМ** стан до 45 м², до втори-трети кат по можност да има лифт, во реон Ѓорче Петров, Влае, Хром. ✆ **070/230-326**

• **СЕ ИЗДАВА** деловен простор од 25м² во близина на Железничка станица, Гевгелија. Погоден за канцеларија или студио. ✆ **078/625-509**

• **СЕ ПРОДАВА** стан од 45м² во строг центар на Гевгелија, со поглед на плоштад. ✆ **078/625-509**

• **ПРОДАВАМ** куќа во населба Карпош 1 (позади БУГАТИ спроти хотел „Монако") ул.Беджих Сметана бр.8 плац 330 м², станбена површина 330м², 165 м² по спрат. Цена 297.000 евра. ✆ **070/206-997**

• **СЕ ПРОДАВААТ** два прага (лев и десен) за Пунто 2. Чичка нови! Цена: 100 евра. ✆ **070 328 932**

• **СЕ ПРОДАВА** телевизор Sony KDL40 NX700 BRAVIA LED висока класа на SONY, купен од „Телеком" 98.000.00 ден. со 5 год. гаранција. Гаранцијата е завршена! Екранот е заштитен со стакло. Цена 23.000 денари. ✆ **070/206-997**

• **ИТНО! ПРОДАВАМ** нов лежај (190Х80) со можност за отварање (190Х160). Лежајот е со модерен дизајн во бела боја, погоден за детска соба или мал простор. ✆ **070 464 597 (после 17 часот)**

• **СЕ ПРОДАВА** атрактивен плац во Струмица со маркица за градење, во месноста викана Берлик (во непосредна близина на транзитниот пат). Цена:55 000 ЕУР Површина: 1035 m². ✆ **072 443 884**

• **ИЗРАБОТУВАМЕ** шибер кујни, детски комоди, плакари и сè останато од мебел. ✆ **077/709-624**

секогаш на страната на народот
WWW.SLOBODENPECAT.MK

Нотарот Гордана Дескоска со службено седиште во Охрид на ул.Македонски Просветители бр.8, согласно чл.80 став (2) од Законот за Нотаријат (Сл. Весник на РМ бр.72/16) ја издава следната

**ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО**

1. На учесникот Александар Памбукоски од Охрид со место на живеење во Охрид на ул.Питу Гули бр.230, се врши јавна достава на Решение за издавање на нотарски платен налог НПН 188/18 од 12.9.2018 година.
2. Се повикува учесникот во рок од 8 (осум) дена сметано од последното објавување во Дневен весник Слободен Печат, да се јави во службеното седиште на Нотарот со цел да го подигне Решението означено во точка 1 од јавната објава.
3. Се предупредува учесникот дека ваквиот начин на достава се смета за уредна достава и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност на решението ги сноси самиот учесник.
4. Во случај на непостапување на учесникот по точка 2 од јавната објава се смета дека истиот е уредно известен за следните писмена: Решение за издавање на нотарски платен налог НПН 188/2018 од 12.9.2018 година.

**Нотар Гордана Дескоска**

Нотарот Иво Серафимоски со службено седиште во ул.Дервиш Цара, бр.2/1, Тетово, согласно со член 80 став (2) или (3) од Законот за нотаријатот („Сл. Весник на РМ" бр.72/16 и), и ја издава следната

**ОБЈАВА ЗА ЈАВНА ДОСТАВА НА ПИСМЕНО**

1. На учесникот Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец, се врши јавна достава на решението за издавање на нотарски платен НПН887/18 од 11.9.2018 година.
2. Се повикува учесникот Фатон Амети ул.101 бр.бб, с.Бродец, во рок од 8 дена сметано од последното објавување во дневниот весник да се јави во службеното седиште на Нотарот со цел да го подигне решението означено во точка (1) од јавна објава.
3. Се предупредува учесникот дека ваквиот начин на доставата се смета за уредна достава и дека штетните последици кои можат да настанат поради правосилност и извршност на решението ги сноси самиот учесник.
4. Во случај на непостапување на учесникот по точка по точка (2) од Јавната објава, се смета дека истиот е уредно известен за писменото –решението за издавање на нотарскиот платен налог НПН887/18 од 11.9.2018 година.

Во 2.4.2020 година

**Нотар Иво Серафимоски Тетово**

| | |
|---|---|
| Скопје | 89,7 |
| Битола | 106,0 |
| Штип | 103,0 |
| Струмица | 106,0 |
| Охрид | 105,4 |
| Тетово | 101,9 |
| Гевгелија | 101,5 |

КАНАЛ 77
МАГИЈА ВО ЕТЕРОТ

\KANAL77
#KANAL77
RadioMrezaKanal77
\KANAL77



СП. СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
Мозаик
ПОНЕДЕЛНИК 6 април 2020 |
Број 1928 | Година VIII |

**Предизвик за логичко размислување.**

## Нова Рубикова коцка

• Лавос бол е новата Рубикова коцка. Поточно, станува збор за нова тродимензионална играчка во форма на топка, која помага во развојот на просторниот вид, ја зголемува способноста за логичко размислување и ја зголемува работата на фината моторика.

Имено, Рубиковата коцка ја изуми унгарскиот професор по архитектура Ернл Рубик во 1974 година. За краток период стана планетарно позната, а до денес се продадени повеќе од 350 милиони примероци.

Лавос бол е исто така дело на Унгарец, научникот и визуелен уметник Јанос Сцаболца, и има иста цел како Рубиковата коцка – треба да се усогласат видливите полиња и да се сложат според боите. Тоа не е баш едноставна задача со оглед на тоа што топката се состои од четири видливи подвижни делови и четири скриени дела, кои се откриваат со притисок на црвеното копче во средината на секое поле, а кои треба да се усогласат во исто време. Играчката во моментов е во фаза на патентирање.





**Првата дама на САД.**

## Меланија Трамп минатата година за облека потрошила 218.000 евра

• Меланија Трамп, првата дама на САД, важи за модна икона, а нејзината облека, континуирано е во склад со пригодата на која присуствува и е комплетно стилизирана до најмал детаљ.

За да го постигне тоа, но и за да си ја задоволи и својата љубов кон постојано купување нови парчиња облека, Меланија Трамп во просек секоја година троши околу 200.000 евра.

Исклучок не направила ниту минатата година, кога за нова гардероба, чевли и ташни, првата дама на САД, потрошила неверојатни 218.000 евра, пишува „Еле“.

Уште од почетокот на мандатот на нејзиниот сопруг Доналд Трамп, модните критичари знаеја дека ќе имаат „работа“ постојано да го коментираат стилот на тогашната нова прва дама на САД, кога на инаугурацијата Меланија се појави во впечатлив светло-син комплет со потпис од „Ралф Лорен“, а најголемиот дел од облеката во нејзиниот плакар ги потпишуваат најлуксузните модни брендови какви што се „Диор“ или „Луј Витон“.

Сепак, нејзините следбеници, но и Американците што ја следат модата, веќе подолг временски период се интересираат кој, всушност, плаќа Меланија да се облекува на овој начин и дали облеката ја купува и за неа плаќа данок или ја добива како подарок.







Но, одговорот на тоа прашање пријатно ја изненади јавноста. Всушност, Меланија целата своја облека ја плаќа сама. Ова за американските медиуми го изјави портпаролката за Белата куќа, Стефани Гришам, а доколку може да се верува на уште една информација што исплива во јавноста, на својата сметка во банка Меланија има неверојатни 38 милиони долари.

**Објава на социјалните мрежи.**

## Пинк и нејзиниот тригодишен син имаат ковид-19

• Познатата американска пејачка Пинк објави дека е позитивна на коронавирусот, како и дека ќе донира по 500.000 долари на две служби за итни ситуации. Таа овие информации ги сподели на социјалните мрежи, а во низата твитови посочи и дека таа и нејзиниот тригодишен син ги почувствувале симптомите пред две недели. Откако поминало потребното време, тие се тестирале, а нивните резултати биле позитивни. Исто така, пејачката истакна дека членовите на нејзиното семејство веќе се во домашна изолација и се негативни на ковид-19.

Меѓу другото, во објавите Пинк жестоко ги критикуваше властите во однос на распространетоста на тестовите за коронавирус.

- Навистина е лошо што тестовите не се пристапни за сите, а оваа болест е сериозна и реална. Луѓето мора да знаат дека таа напаѓа и млади и стари, здрави и болни, богати и сиромашни. Затоа тестовите мора да им бидат достапни на сите, за да ги заштитиме нашите деца, семејства, пријатели и заедницата - истакна Пинк.



**Креативна студентка од Кентаки.**

# Изработува маски наменети за луѓето со оштетен слух

**Додека трае пандемијата од коронавирусот, мнозина се обидоа да им помогнат на оние што имаат реална потреба од тоа. Еден од последните изуми е наменет токму за луѓето со оштетен слух. Станува збор за маски што го откриваат централниот дел на лицето, а со самото тоа им помагаат на луѓето со оштетен слух, со устата да ги изразат различните поими.**



Пандемијата со коронавирусот ги сплоти луѓето како никогаш досега. Поголем број од оние што се финансиски моќни, донираат за луѓето што немаат доволно финансиски средства за да си купат храна и хигиенски средства, но и заштитни материјали, и тоа сè со цел полесно да се заштитат од овој вирус. Сепак, трудот на креативните и хумани луѓе во моментот е најмногу ценет и почитуван. Постојано голем број луѓе изработуваат заштитни маски и други помагала, кои подоцна се донираат, во надеж да се намали бројот на заразени од ковид-19 насекаде во светот.

### Обичните маски се покажале како несоодветни

Најнов креативен начин за кој во изминативе неколку денови се говори и пишува е уникатната идеја на студентката Ешли Лоренс, која заедно со својата мајка изработува заштитни маски наменети исклучиво да им го олеснат животот на луѓето со оштетен слух.

Имено, хируршките маски што ги користат сите луѓе за да ја намалат опасноста од зараза од коронавирусот ја покриваат целата уста. Токму поради тоа луѓето со оштетен слух имаат тешкотии околу начинот на невербалната комуникација односно со одвивањето на комуникацијата што се одвива со помош на устата и изразот на лицето.

### Слободното време го користи за да ја реализира својата идеја

Токму сето ова било голем предизвик за 21-годишната студентка од Кентаки, која била доволно хумана своето слободно време кое го поминува додека седи дома во домашна изолација, да го искористи за да направи оригинални маски за лице, кои се наменети за луѓето што имаат проблеми со слухот.

- Во моментов владее паника, но имам впечаток дека постојано се занемаруваат потребите на одредена група луѓе на сметка на другите. Сите еднакво се плашат за здравјето и сите имаат потреба да комуницираат меѓусебно независно од ситуацијата во која се наоѓаме. Иако одредена група луѓе што имаат проблеми со слухот носат апарати за слушање, сепак и понатаму најчесто се потпираат на изразот на лицето што го прави нивниот соговорник. Само обрнете внимание на двајца луѓе што комуницираат со рацете. Тие исто толку прават и одредени гримаси со лицето, па кога нивното лице е целосно покриено со маска, половина од значењето на комуницирањето се губи – раскажала Ешли, која е креатор на новата маска.

### Мајка ѝ и е најголема поддршка

Ешли токму за да им помогне на луѓето со оштетен слух, сакала да направи маска што ќе има „прозорче“ преку кое ќе се гледа устата на оној што ја носи. За да ја постигне својата цел, во изработката на маските ја вклучила и мајка си, која знаела да крои и да шие.

Оваа студентка, маските ги изработува бесплатно, бидејќи, како што вели, во вакво тешко време секој треба да биде солидарен.

- Доколку сте здрави и седите дома, тогаш изнајдете некој начин за да им помогнете на другите што не се во можност да го направат тоа – вели таа.



**Лоши вести од Кина.**

## Во Вухан мачки имаат коронавирус, а се заразиле од сопствениците

• Според последните информации, 15 од 102 тестирани мачки од Вухан се позитивни на коронавирусот. Во 11 од 15 мачки што биле позитивни на тестот, пак, пронајдени се антитела на вирусот. Во моментот на тестирањето, три од мачките имале зголемен број антитела во моментот кога нивните сопственици биле болни од ковид-19, што ги тера стручните лица да веруваат дека мачките се заразиле од нивните сопственици. Ваквото истражување ги натерало да се направат анализи и на состојбата на кучињата во овој град и било откриено дека и кучињата можат да бидат позитивни на коронавирусот, но според нив, тие да се заразиле од луѓето, а не обратно како што многупати претходно се сметаше.

- Во моментов не постојат докази дека мачките и кучињата односно домашните миленичиња можат да се заразат од новиот коронавирус – стои на веб-страницата на СЗО.

